РЕФОРМА НА СИСТЕМОТ ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

СТРАТЕГИИ ЗА АРКТИКОТ

АНТИБАЛИСТИЧКИ РАКЕТИ „ARROW“

УНГАРСКИ МУЗЕЈ НА АВИЈАЦИЈАТА „РЕПТАЈ“

# ШТИТ

Број 182
Декември 2024

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




## МУЛТИНАЦИОНАЛНАТА ВЕЖБА „WISE WOLF 2024“




# Свечено одбележан Денот

На 11 ноември во касарната „Илинден“ во Скопје, припадниците на Баталјонот за почести (бП), со воена церемонија го одбележаа Денот на единицата. По тој повод пред присутните се обратија заменик-началникот на ГШ, генерал-мајор Азим Нуредин и командантот на бП, потполковник Дејан Величковски. ЗНГШ, генерал-мајор Азим Нуредин, честитајќи им го Денот на единицата на припадниците на Баталјонот за почести, истакна дека бП, како најпрепознатлива и една од најрепрезентативните единици на Армијата, не само што претставува симбол на воената дисциплина и професионалност, туку и на сите вредности што го чуваат достоинството и честа на Армијата. „Како горди носители на државните обележја, од вас очекувам да продолжите да ги одржувате воспоставените високи стандарди со доследно применување на гардискиот кодекс и беспрекорно извршување на сите поставени задачи“, додаде генералот Нуредин. Обраќајќи се пред припадниците на Баталјонот, командантот на единицата, потполковникот Дејан Величковски истакна дека за него претставува чест што командува со единица, која во своите редови има скромни и посветени луѓе коишто безрезервно придонесуваат кон градењето на единицата и во остварувањето на нејзината мисија. Меѓу другото, тој








# г на Баталјонот за почести

на гардистите им порача да ја одржуваат цврсто нивната самодоверба, личното и колективното вреднување, како и заемната доверба со демонстрација на трајната определеност кон нивниот етос „Онаму кај што е еден, таму сме сите!"
По повод Денот на единицата се одржаа спортски натпревари на кои им беа врачени дипломи и пехари на најдобрите екипи, а беше прогласен и најдобар вод, со што беше нагласена и заложбата на командантот за континуирано подобрување на психофизичката подготвеност на персоналот. Беа доделени и стимулативни мерки на поединци, кои во изминатиов период особено се истакнале во извршувањето на задачите. На свеченоста, покрај ЗНГШ, генерал-мајор Азим Нуредин, присуствуваа и претставници од командите и единиците од составот на Армијата, аѓутантката на претседателката и голем број поранешни припадници на бП, кои со својот труд и заложба оставиле белег во идентитетот на единицата.
Баталјонот за почести го прославува Денот на единицата како носител на традициите на Првата македонско-косовска ударна бригада, која е формирана на 11 ноември 1943 година, во селото Сливово.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчовска-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

м-р Ксенија Митева
(лектор)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



08
Комитети и работни тела во НАТО (RC, CPD)




20
Најмоќните пет приватни компании за обезбедување

# содржина

ШТИТ | година XVI | број 182 | декември 2024

ИНФО
**Потврдена добрата билатерална соработка** ........ 6

На прва линија
**Реформа на системот за национална безбедност (прв дел)** ........ 10

Воена едукација
**Последиците од „малите војни“ врз денешното безбедносно опкружување** ........ 12

Глобал
**Стратегии за Арктикот (2)** ........ 15

Низ воената историја
**Иранско-ирачката војна (1980 – 1988)** ........ 18

Родови перспективи
**Жените се вклучуваат во транзицијата во Мали** ........ 22

Воена едукација
**Војувалиште – поле на преживување (4)** ........ 24

Вооружување
**Израелски тежок оклопен транспортер „Achzarit“** ........ 32

Вооружување
**Ноќниот ловец „Nakajima J1N“** ........ 38

Незадолжително
**Значењето на квалитетниот сон кај војниците** ........ 42

Аеродневник
**Едрилицата „Јастреб“** ........ 46

Воени музеи
**Унгарски музеј на авијацијата „Рептај“** ........ 48

Уметниците и војната
**Турскиот поет во сликарството** ... 54

Филм
**„Гребен на спасените“ Сплотување на вербата кон Бога и должноста кон татковината** ........ 56



34
Антибалистички ракети „ARROW“



36
„Бредли“ – оклопно борбено возило на гасеници

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Година на промени*

*Стасавме до крајот на уште една календарска година. Годината што измина беше година на промени во нашата држава и година во која Армијата и Министерството за одбрана интензивно продолжија со реализација на зацртаните цели и задачи. Во овој, декемвриски број на „Штит“, ќе се потсетиме на неколку значајни промени кои ја одбележаа 2024 година. Во 2024 година, македонскиот народ, на редовните општи парламентарни и претседателските избори, со бројно мнозинство, гласаше за промени во општественото владеење. Изборите беа оценети како слободни, фер и демократски и овозможија мирно и демократско примопредавање на власта, што претставува напредок во рамките на европското поведение на држава која се стреми кон полноправно членство во Европската Унија. На чело на државата, за прв пат во историјата, беше избрана жена – професорката Гордана Сиљановска Давкова која, воедно, стана и првата жена врховен командант на Армијата на нашата држава. Претседателката Сиљановска Давкова, при првата посета на Армијата како врховен командант, вети дека неопходното вложување во модернизација на Армијата и подобрувањето на условите за живот и работа во Армијата ќе продолжи и понатаму. Таа и јавно им оддаде признание на сите припадници на Армијата за нивната професионалност и посветеност во одбраната, за зачувувањето на територијалниот интегритет и независност на државата и за придонесот во колективното членство.*

*На парламентарните избори убедливо мнозинство освои партијата ВМРО-ДПНЕ, како избор на македонскиот народ. Во определениот рок беше составена новата влада на чело со премиерот Христијан Мицковски. За министер за одбрана беше поставен Владо Мисајловски, кој на 24 јуни 2024 година ја презеде функцијата министер за одбрана од тогашниот заменик-министер за одбрана Тирон Јајага. Во своето прво обраќање пред вработените во Министерството за одбрана и Армијата, министерот Мисајловски истакна дека се обврзува дека ќе работи на јакнење на меѓународниот углед и позиција на државата, а главен приоритет ќе биде целосно активирање на сите расположливи ресурси во функција на заштита на националните интереси. „Реформските процеси ќе бидат на врвот на агендата и во согласност со целите на способност на НАТО соодветно ќе ја ажурираме стратегиската рамка која е основа за имплементација на реформските процеси во клучните области на одбраната. Со овие реформи соодветно ќе се зајакнат процесите на модернизација на Армијата, меѓународната соработка, системот на човечки ресурси, образованието и обуката на персоналот, логистичката поддршка, воената инфраструктура, комуникацискиот систем и сајбер-одбраната.*

*Во рамките на одбележувањето на 18 Август – Денот на Армијата, на централната свеченост која се одржа во Центарот за обука на вода во Охрид, се изврши примопредавање на должноста началник на ГШ помеѓу генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и генерал-мајор Сашко Лафчиски, кој застана на чело на Армијата како дванаесетти началник на Генералштабот на Армијата.*

*Во текот на изминатата година во секој број на „Штит“ ве информиравме за најзначајните активности на Армијата и во Министерството за одбрана. Пишувавме за вежбите, за обуките и курсевите, за прославите и честувањата, за реализацијата на проектите за модернизација и унапредување на стандардот и статусот на припадниците на Армијата и вработените во Министерството.*

*Се надеваме дека ваквите активности, со уште поголемо темпо ќе продолжат и во годината што ни претстои...*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Потврдена добрата билатерална соработка



Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, за време на меѓувладината седница помеѓу македонската и косовската влада предводена од премиерите Христијан Мицкоски и Албин Курти, разговараше со неговиот колега од Албанија, Ејуп Маќедонци, со кого ја потврдија намерата на двете земји за продлабочување на одбранбената соработка. Министрите Мисајловски и Маќедонци истакнаа дека регионалната стабилност и безбедност е приоритет и за двете влади. „Нашата држава е активен и посветен НАТО сојузник, чиј приоритет е регионалната стабилност и безбедност. Македонската армија веќе четири години дава свој придонес во НАТО мисијата КФОР на Косово, што е доказ дека регионот и неговата сигурност за нас се од исклучително значење“, рече Мисајловски. Министерот Маќедонци се заблагодари за отвореноста на македонското Министерство за одбрана и на министерот Мисајловски за континуираното унапредување на билатералната соработка и додаде дека таа е клучна за одржување и зацврстување на безбедноста на целиот регион. И двете земји, во областа на одбраната соработуваат од 2010 година, кога е потпишан првиот Меморандум за соработка. Во согласност со годишните планови за одбранбена соработка, таа соработка се реализира преку обуките на армискиот полигон „Криволак“, воениот образование, одбранбената политика, медицинската обука, справувањето со дезинформации и друг вид соработка.

# Учество на министерот за одбрана Мисајловски на Конференција за НАТО



Министерот за одбрана Владо Мисајловски, учествуваше на конференцијата насловена како „НАТО – 75 години единство, соработка и колективна одбрана: Безбедносни предизвици за Европа“. „Безбедносната состојба во државата е стабилна и нема индиции за загрозеност на интегритетот и суверенитетот на државата“, истакна министерот во своето обраќање. Министерот се осврна и на потребата од блиска соработка со сојузниците во справувањето со сите безбедносни предизвици, поддршката за Украина, како и на континуираното инвестирање во Армијата, во нејзината модернизација, но и во развојот на човечките капацитети. „Колективната безбедност е поврзана, најважно во овој момент е да ги следиме сите безбедносни предизвици и да соработуваме колку што е можно повеќе со нашите партнери од НАТО и ЕУ“, рече министерот. На одговор на прашање поврзано со внатрешните ризици за земјите членки на НАТО, министерот Мисајловски порача дека безбедносната ситуација во државата е на највисоко ниво, но и дека институциите мора да останат будни, да ги следат и превенираат сите безбедносни предизвици. „Една од заканите се дезинформациите и влијанието кое доаѓа директно од хибридните закани и мешањето во внатрешните работи“, рече министерот Мисајловски. Тој најави нов пакет на поддршка за Украина, кој треба да биде дел од затворена седница на Владата и порача дека поддршката ќе продолжи и понатаму, во согласност со нашите можности и потребата од задржување на борбената готовност на Армијата во остварувањето на своите надлежности. Во однос на модернизацијата, министерот порача дека во тек се повеќе договори, споменувајќи ја набавката на лесните оклопни возила „JLTV“ и „Stryker“ од САД, опремата за противвоздушна одбрана и набавката на хаубици. Развојот на Лесната пешадиска баталјонска група, рече тој, е наш приоритет и обврска, во согласност со квантитативните и квалитативните цели на способности дефинирани како дел од НАТО Алијансата. Мисајловски истакна дека паралелно со процесот на модернизацијата, ќе се почитуваат и сите обврски од Колективниот договор на вработените во одбраната и Армијата, затоа што тоа е начинот за да имаме успешна армија. „Сето ова е поврзано со буџетот, и затоа ми е драго што и следната година буџетот на одбраната ќе биде над 2 проценти, за што изразувам благодарност до Владата“,, додаде министерот. Мисајловски спомена дека интеграцијата во Европската Унија е од исклучително значење за државата од многу аспекти поврзани со безбедноста и порача дека државата во делот на одбраната има одлична соработка со соседите. Пример за тоа, како што рече, е Договорот за мобилност на Коридорот 8, потпишан со Италија, Албанија и Бугарија во Вашингтон, кон кој на неодамнешниот министерски состанок во Седиштето на НАТО во Брисел се приклучи и Романија.

За време на панелот на тема „Предизвиците на националната безбедност и кризен менаџмент под чадорот на НАТО“, излагање имаше и НГШ генерал Лафчиски, кој го истакна нашето учество во мисиите надвор од земјата и придонесот кој како држава го даваме за колективната безбедност, процесот на модернизација и опремување на Армијата, исполнување на целите на способности како обврска кон НАТО и постигнување на целосна интероперабилност со сојузниците. На панел-дискусијата беа поставени бројни прашања околу улогата на Армијата за подобрување на националната безбедност, можноста за враќање на задолжителниот воен рок и алатките кои земјата ги користи преку НАТО за подобрување на националната безбедност. Конференцијата е во коорганизација на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Центарот за европски студии „Вилфрид Мартин“.

# Официјална посета на Вооружените сили на Унгарија

НГШ на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, беше во официјална посета на ВС на Унгарија, при што оствари средба со својот домаќин, началникот на ГШ на ВС на Унгарија, генерал Габор Беренди. По пречекот со високи воени почести, генералите Лафчиски и Беренди разговараа за билатералната воена соработка, при што беа разгледани можностите за понатамошно дополнително продлабочување во областите од заемен интерес. Се дискутираше и за можна соработка помеѓу силите за специјални операции, за обука за борбено нуркање, поддршка за Лесната пешадиска баталјонска група, изведување заедничка обука и вежби и користење на капацитетите на двете армии со цел унапредување на интероперабилноста на двете сојузнички армии во рамките на учествата во меѓународните операции и мисии предводени од НАТО и ЕУ, размена на искуства и научени лекции при користење на НАТО и ЕУ фондовите. Генералот Лафчиски изрази благодарност за поддршката од страна на унгарскиот тим, кој активно се вклучи во гаснењето на пожарите, кои ова лето ја зафатија нашата држава. За време на средбата генералот Беренди изрази благодарност за поканата за учество на воениот оркестар на ВС на Унгарија на предновогодишниот концерт. Армиската делегација, предводена од генералот Лафчиски, ја посети Механизираната бригада на унгарските ВС во гарнизонот „Тата“, каде што беше презентирана организациската структура, задачите и опремата на Бригадата, по што делегацијата оствари посета и на Центарот за симулација и обука.



# Конференција на командантите на Јужното крило на НАТО



НГШ на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, учествуваше на Конференцијата на командантите на Јужното крило на НАТО, која се одржа на 19 и 20 ноември во Здружената команда на НАТО силите во Неапол, Италија. На  Конференцијата, која ја отвори командантот на Врховната сојузничка команда за операции, генералот Кристофер Каволи, беа дискутирани повеќе теми од стратешко значење за Алијансата, регионалните планови на НАТО, како и активностите под надлежност на Здружената команда на НАТО силите во Неапол. Генералот Лафчиски, во рамки на агендата, ги сподели нашиот придонес и ангажман, пред сè во операциите, вежбите и иницијативите кои се од заеднички интерес на сојузничките и партнерските земји, кои се дел од Јужното крило на НАТО. На Конференцијата беа разгледани и резултатите од Самитот на НАТО во Вашингтон, трансформацијата на командните структури, справувањето со секаков облик на безбедносни предизвици, како терористичките закани во зоната на надлежности на Здружената команда на НАТО силите, како и можностите за унапредување на регионалната соработка помеѓу сојузниците и земјите партнери со цел зајакнување на безбедносната состојба. Учеството на генералот Лафчиски на Конференцијата е особено значајно, пред сè од аспект за јакнењето на нашата улога и придонесот во активностите на Здружените НАТО команди, со акцент на заедничките напори за зачувување на мирот и стабилноста во регионот.

# Заменик-министерката Исмаили на состанок на министри за одбрана во рамките на СЕДМ

„Неиспровоцираната агресија на Русија против Украина има силно влијание врз сите нас, врз безбедноста на нашите земји и врз нашите граѓани. Денеска сите ги чувствуваме последиците и ќе ги чувствуваме и во иднина. Ова е војна каде што може да има само еден исход, а тоа е да се порази агресивната политика на Москва“, истакна заменик-министерката за одбрана Елфет Исмаили во нејзиното обраќање на состанокот на министри за одбрана на Југоисточна Европа на иницијативата СЕДМ, кој се одржа во Тирана, Република Албанија. Заменик-министерката, во име на министерот за одбрана Владо Мисајловски, ги поздрави присутните и ја истакна посветеноста на нашата земја кон процесот СЕДМ и на регионалната соработка во одбранбените и безбедносните прашања. Овој министерски состанок претставува собир на претставниците од земјите членки на СЕДМ, каде во активностите на иницијативата учествуваат и претставници од RACVIAC, UNDP/SEESAC. Целта на оваа иницијатива е промоција на регионалната соработка и добрососедските односи, зајакнување на регионалните одбранбени способности, соработката преку колективни напори и создавање врски кои ја олеснуваат интеграцијата во евроатлантските институции.





# Комитети и работни тела во НАТО (RC, CPD)

Во НАТО е формирана широка мрежа на комитети кои покриваат различни теми, почнувајќи од политички, воени, до технички или оперативни прашања. Припадници на постојаните делегации на нациите во седиштето на НАТО во Брисел, Белгија, односно национални експерти од државите сојузнички и партнерите, присуствуваат на состаноците на комитетите кои се одржуваат со персонал од Меѓународниот воен штаб, а учество земаат и претставници на стратешките команди на НАТО. Во оваа и во наредната статија, продолжуваме со претставување на сите комитети и работни тела во НАТО. Во овој напис ќе бидат претставени Комитетот за отпорност и Комитетот за јавна дипломатија

Комитетот за отпорност (Resilience Committee – RC) е високо советодавно тело на НАТО за отпорност и цивилна подготвеност. Секоја земја членка на НАТО треба да биде отпорна на воени и невоени закани и предизвици во однос на безбедноста на нацијата и на Алијансата, како што се природни катастрофи, нарушување на критичната инфраструктура, односно хибридни или вооружени напади. Отпорноста е и национална одговорност и колективна посветеност во согласност со член 3 од Северноатлантскиот договор. Комитетот е одговорен за стратешки и политички насоки, насоки за планирање и за општа координација на активностите за отпорност во НАТО („Strengthened Resilience Commitment, NATO 2030 Agenda, 2022 Strategic Concept“). Комитетот за отпорност е релативно нов комитет и истиот е основан во 2022 година, но ги опфаќа и ги продолжува функциите и улогите на Комитетот за планирање во цивилно-вонредни состојби (Civil Emergency Planning Committee - CEPC), кој за првпат бил создаден во 1950-тите години. Овој комитет ги поставува приоритетите за активностите за отпорност во рамките на Алијансата, преточувајќи го нивото на амбиција на НАТО за национална и колективна отпорност во конкретни акции и насоки. Тој е одговорен за планирање и преглед за отпорноста во НАТО, вклучувајќи го воспоставувањето, процената, прегледот и следењето на целите за отпорност, со што обезбедува перспектива на целата влада и на целото општество. Се координира со воените власти и со другите комитети на НАТО кои се занимаваат со пошироката агенда за отпорност, вклучително и преку обезбедување на релевантни политичко-воени совети, како и со олеснување на разгледувањето на аспектите на отпорноста во одбранбеното планирање, во операциите и активностите на НАТО. Комитетот за отпорност ги надгледува активностите на Евроатлантскиот координативен центар за одговор при катастрофи во седиштето на НАТО, кој главно се фокусира на координацијата на напорите за помош при катастрофи помеѓу сојузниците и земјите партнери, како и во земјите каде што НАТО е ангажиран во воени операции и мисии. Во извршувањето на својата улога, Комитетот придонесува и за развивање на односите со партнерите и со другите релевантни меѓународни организации и институции. Работата на Комитетот за отпорност е поддржана од шест специјализирани групи за планирање, составени од експерти од областа за која се номинирани од сојузниците. Секоја група е одговорна за обезбедување совети за прашања за отпорност во нивните соодветни области на експертиза: Групата за планирање на цивилни комуникации дава совети за градење отпорност во комуникацискиот

сектор; Групата за цивилна заштита се осврнува на начините за обезбедување континуитет на власта и на способноста за ефективно справување со неконтролираното движење на луѓето; Групата за енергетско планирање е одговорна за надзор на снабдувањето со енергија; Групата за планирање на храна и земјоделство се занимава со прашањата за отпорност во секторот за храна и вода; Здружената здравствена група ја покрива способноста на сојузниците да се справат со масовни жртви и здравствени кризи; Транспортната група, која е поделена на копнена, поморска и воздушна, поддржува системи за цивилен транспорт. За својата работа Комитетот директно го известува Северноатлантскиот совет, главното тело за донесување политички одлуки на НАТО. По делегирањето од страна на генералниот секретар и врз основа на прашања што се дискутираат, со Комитетот за отпорност претседава помошник-генерален секретар на соодветната дивизија на НАТО или висок делегиран функционер. Тој се состанува на неделна основа на постојана сесија, каде земјите се претставени од нивните национални делегации во НАТО. Состаноците наизменично се менуваат меѓу формати, само за земјите членки на НАТО и за оние земји кои се отворени за земјите партнери. Комитетот, исто така, се состанува најмалку еднаш годишно на пленарна сесија, на ниво на директори за политики на националните тела за планирање цивилно-вонредни состојби од НАТО и земјите партнери. Комитетот за јавна дипломатија (Committee on Public Diplomacy – CPD) делува како советодавно тело на Северноатлантскиот совет за прашањата во делот на комуникации, медиуми и јавен ангажман. Овој комитет дава препораки до Северноатлантскиот совет за тоа како да се поттикне јавното разбирање и поддршка за целите на НАТО. Во тој поглед, Комитетот е одговорен за планирање, спроведување и процена на стратегијата за јавна дипломатија на НАТО. Претставниците на овој комитет ги споделуваат своите искуства за национални информативни и комуникациски програми, како и за перцепцијата на нивната јавност во однос на Алијансата и нејзините активности. На состаноците се дискутираат, се развиваат и се даваат препораки во врска со стратегијата и активностите за јавната дипломатија на НАТО. Комитетот за јавна дипломатија е создаден во 2004 година, наследувајќи го Комитетот за информации и културни односи, кој беше еден од првите формирани комитети на организацијата (Работната група за информатичка политика и Работната група за социјална и културна соработка биле споени во



1953 година за да се формира Комитетот за информации и културни односи). Ова ја одразува важноста што им се дава на информациите и на подигнувањето на свеста од страна на основачките членки на НАТО. Уште во далечната 1950 година била создадена скромна информативна служба, поддржана во нејзините напори при создавање на Комитетот за информации и културни односи. Комитетот за јавна дипломатија учествува во планирањето, спроведувањето и процената на стратегијата за јавна дипломатија на НАТО и го советува Северноатлантскиот совет за релевантни прашања. Овој комитет ги анализира и ги координира националните акции за подигнување на јавната свест и разбирање на политиките и целите на НАТО. За да се подобри ширењето на информациите во земјите партнери на НАТО, Комитетот назначува амбасади од земја членка на НАТО за контакт-точки. Освен што има улога во формирањето на политиките што го одредуваат начинот на кој Алијансата, Комитетот комуницира со јавноста, а одржува и дијалог за соработка со невладините организации, како што е Асоцијацијата на Атлантскиот договор (меѓународна асоцијација чија цел е да ги промовира евроатлантските вредности и важноста на НАТО во одржувањето на мирот и стабилноста). Помошникот на генералниот секретар на Одделот за јавна дипломатија е претседавач и советник за информации од јавен карактер. Комитетот за јавна дипломатија редовно се состанува врз основа на календарот на планираните активности на НАТО. Со оглед на тоа што редовните состаноци обично се однесуваат само на земјите членки, Комитетот се состанува и во формат на Евроатлантски партнерски совет, со цел да се овозможи учество на претставници од земјите партнери. Периодично, претставници од амбасадите за контакт-точки во главните градови на земјите партнери, исто така присуствуваат на состаноците на Комитетот.

Драган Павловски





# Реформа на системот за национална безбедност (прв дел)

Преку стручна анализа ќе дадаме свое видување и придонес кон размислувањата за подобрување на поставеноста и функционирањето на системот за национална безбедност (во понатамошниот текст СНБ) во нашата држава. Прашањето е дали нашиот СНБ е добро поставен и изграден за да може успешно да одговори на конвенционални и неконвенционални закани. Поаѓајќи од уставните одредби, поставеноста на СНБ треба да овозможи заштита на темелните вредности кои произлегуваат од Уставот

Во изминатите 8-9 години се направија одредени обиди и конкретни постапки за реформа на СНБ. Во пошироката јавност е познато дека, во 2015 г., после извештајот и препораките на експертскиот тим на Европската комисија, предводен од германскиот дипломат Рајнхард Прибе, се започна со реформа на дел од субјектите на СНБ, поконкретно на дел од Разузнавачко-безбедносната заедница (во понатамошниот текст: РБЗ), како многу важен потсистем на СНБ. Како резултат на тие реформски напори и активности, во април 2018 г. Собранието го изгласа Законот за Оперативно-техничка агенција – ОТА, со цел законски да се уреди следењето на комуникациите и да се минимизира можноста за злоупотреба. Заедно со овој закон се донесе и Законот за следење на комуникациите. Овие два закони треба да овозможат добра основа за да се спроведува законско тајно следење на комуникациите. Во мај 2019 г., во Собранието беа донесени Законот за АНБ и Законот за Координација на безбедносно-разузнавачката заедница. Подоцна, во 2021 г., е донесен и нов Закон за Агенцијата за разузнавање. Треба да нагласиме дека, оваа реформа во РБЗ се спроведуваше во комплексни внатрешнополитички услови, под надворешен притисок од претставниците на Европската комисија и со кратки рокови за испорачување на конкретни резултати. Таквиот концепт и пристап, уште на самиот почеток наговестуваше дека нема да се постигне изградба на сеопфатен СНБ, кој ќе биде целосно интегриран и во кој координацијата помеѓу чинителите ќе биде целосно регулирана и на потребното рамниште. Целиот напор се однесуваше на реформата на РБЗ и не постоеше политичка волја да се отвори и прашањето за анализа на поставеноста на севкупниот СНБ, за неговата реформа и за подобра системска поставеност. За жал, често се греши и не се прави разлика помеѓу СНБ и неговиот специфичен и многу важен потсистем – РБЗ.

Се поставува прашањето: Зошто сметаме дека е исправно, кога се спроведува реформа, најпрво да се почне со согледување и поставување на севкупниот СНБ, па потоа и на неговите внатрешни чинители? Најпрвин да ја разгледаме и констатираме актуелната состојба со поставеноста на СНБ. Првиот стратегиски документ кој ја регулираше оваа област

беше Националната концепција за безбедност и одбрана на Р. Македонија, донесена во Собранието на 11.6.2003 г.. Следен, посеопфатен документ, беше Стратегијата за национална безбедност на Р.Македонија („Д“), од јануари 2008 г., која ја изработи МНР, а беше одобрена од Владата. И двата стратешки документи сè уште се на сила, но нивната содржина, принципи, процени и елементи, не соодветствуваат со сегашната состојба во областа на националната безбедност, како и со поблиското и поширокото безбедносно опкружување. Можеме слободно да констатираме дека е недозволиво во државата да имаме Стратегија за национална безбедност изработено пред 16 години. Минатата година се појавија информации дека на ниво на Влада работат одредени комисии за изработка на нова нацрт-стратегија за национална безбедност, но ваков документ сè уште не е ставен на разгледување пред пошироката експертска јавност.
Стратегијата за национална безбедност од 2008 г., содржински е составена од вовед, 6 глави и заклучок. Главите ги опфаќаат следните целини: 1. Дефиниција и принципи на националната безбедност; 2. Безбедносни интереси и цели; 3. Безбедносно опкружување на Р.Македонија; 4 Безбедносни предизвици, закани и ризици; 5. Имплементација на националните безбедносни интереси на Р. Македонија или Стратегиски концепт; 6. Системот за национална безбедност. Не е потребна особена стручна експертиза да се заклучи дека содржината на Стратегијата за национална безбедност од 2008 г., во најголем дел не ја следи актуелната реалност, особено во делот на опкружувањето, постоењето на ризиици и опасности и во дефинирањето на субјектите на СНБ. Имено, во Глава 6 од Стратегијата – Систем за национална безбедност, многу кратко (на половина страница) се објаснува системот, а како субјекти на СНБ се наведени само: Претседателот, Собранието, Владата, Советот за безбедност, МВР (УБК), МО (ВСБиР), АР, МНР, МФ, ДБКИ, ЦУК и ДЗС. Добро е познато дека СНБ, во потесна и поширока рамка, опфаќа многу повеќе институции и субјекти кои имаат соодветно и значајно место во функционирањето на СНБ. За полесно да се согледа комплексноста на системот, на шема ќе ги прикажеме веќе наведените субјекти во актуелната Стратегија за национална безбедност (означени со жолта боја), но и сите останати субјектите кои треба да бидат дел од СНБ.
Основните принципи и методологија за изработка на вакви стратегиски документи, особено во западниот демократски свет, се водат од дефинирањеto на три столба: цели, начини на остварување на целите и средства за остварување на целите (Ends, Ways and Means). Исто така, неопходно е да се утврди и динамиката за ажурирање на содржината на СНБ и нејзино обновување со нови СНБ во временски период од 4 до 5 години. За илустрација ќе го наведеме примерот со САД, каде во периодот од 2002 до 2022 г., имаат донесено шест национални безбедносни стратегии.
Со постојната Стратегија за национална безбедност не е дефиниран СНБ во потесна и поширока рамка, не се наведени сите субјекти на СНБ, не се дефинирани управните, извршните и контролните тела, не се наведени принципите за постигнување на интеграција на системот и за координација на надлежностите и активностите на субјектите на системот. За да се постигне наведеното, потребно е најпрво да се изработи нова сеопфатна Стратегија за национална безбедност и да се донесе Закон за уредување на Системот за национална безбедност. Тоа, во нашиот случај, сè уште не е донесено.

д-р Златко Кузманов

**ШЕМА**
**НА СУБЈЕКТИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ**
**( во потесна и поширока рамка)**

| **ПРЕТСЕДАТЕЛ** | **СОБРАНИЕ** | **ВЛАДА** | **СУДОВИ, ПРАВОБРАНИ-ТЕЛСТВО И ОБВИНИТЕЛСТВО** | **ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| Совет за безбедност | Комисија за одбрана и безбедност | **МВР**<br>Биро за јавна безбедност | **Судски систем**<br>- основни и апелациони судови<br>- Управен суд и Виш управен суд<br>- Врховен суд | Комора за приватно обезбедување |
| Агенција за разузнавање | Комисија за надзор над работата на АНБ и АР | **МО**<br>-АРМ<br>-ВСБиР | **Државно правобрани-телство** | |
| АРМ | Комисија за надзор над спроведување на комуникациите | **МФ**<br>- Управа за фин. полиција<br>- Управа за фин. разузнавање<br>- Царинска управа | **Јавно обинителство** | |
| | Совет за граѓански надзор | **МНР** | | |
| | | **ДБКИ** | | |
| | | **Управувачки комитет Група за процена** | | |
| | | **ЦУК**<br>- Главен штаб | | |
| | | **ДЗС** | | |
| | | **АНБ** | | |
| | | **ОТА** | | |
| | | **Дирекција за радиоциона сигурност** | | |
| | | **Државен завод за ревизија** | | |
| | | **ДЗЛП** | | |
| | | **Совет за координација на Б-Р заедница**<br>- Канцеларија и секретар | | |
| | | **НКЦ за гранично управување** | | |



# Последиците од „малите војни“ врз денешното безбедносно опкружување

За време на Студената војна големите сили спонзорирале низа т.н. „мали војни“ низ целиот свет. Од тогаш до денес помина доволно долго време за да може критички да се анализираат последиците кои овие „мали војни“ ги имале за обликување на денешната безбедносна средина. Денес ваквите војни тлеат или се манифестираат како значителни безбедносни прашања и очигледно продолжуваат да ја обликуваат глобалната политичка и воена стратегија. Овие конфликти, кои воената наука ги карактеризира како прокси-војни, немири, бунтовништва или ограничени судири, ги поставија темелите на денешните безбедносни дилеми во неколку форми

Малите војни во периодот од 1945 до 1990 година најчесто биле резултат на идеолошката конкуренција меѓу двата блока. Нивното разидување во основните општествени постулати довело до ширење на локалните конфликти кои веќе биле дел од поголемите геополитички ривалства, особено во постколонијалниот свет. Овие војни биле спонзорирани од суперсилите преку снабдување со оружје, обука на бунтовнички сили и тајни операции преку директна поддршка, неретко на границата на легитимност. Ефектите од овие интервенции биле дестабилизација на цели региони и создавање вакуум на моќ кои опстојуваат до денес. Многу тековни конфликти и кревки безбедносни состојби имаат очигледна поврзаност со малите војни на големите сили од пред четириесет години. Тактиките и стратегиите кои биле развиени за поттикнување на овие „мали војни“ и денес се релевантни за современите воени доктрини и противбунтовнички операции. Лекциите научени од војните во Африка, Азија, Јужна и Централна Америка ги обликуваа денешните пристапи кон нерегуларното војување и противтероризмот. Акцентот на хибридно војување, употребата на герилски тактики и важноста за освојување на срца и умови се во голема мерка наследства од овие конфликти од Студената војна. Посебно





важно е да се истакне дека токму тие мали војни оставија наследство на нерешени етнички, верски и политички тензии во многу региони во светот. Поделбата на државите, честопати со произволни граници повлечени за време на деколонизацијата и манипулацијата со локалната динамика од страна на надворешни актери, придонесоа за постојаност на конфликтите во кревките држави. Овие нерешени прашања продолжуваат да поттикнуваат нестабилност, екстремизам и хуманитарни кризи и се отворени рани кои директно може да им се препишат на „малите војни“. Особено неконтролираното снабдување со оружје во кризните региони за време на Студената војна има трајни последици за денешната глобална безбедност. Трката за доминација меѓу блоковите довела до ширење на понапредно вооружување во рацете на аматери, честопати влошувајќи го насилството и продолжувајќи ги конфликтите.
Ова и денес продолжува да влијае на безбедносната динамика, при што достапноста на софистицирано оружје значително придонесува за интензитетот и времетраењето на конфликтите ширум светот. Од секоја нова војна произлегувал нов продукт кој станувал достапен во следната војна. Малите војни поттикнуваат трајни безбедносни прашања, стратегиски предизвици и геополитички сложености кои се очигледни бидејќи лесно се трансформираат во поголеми вооружени конфликти. Остатоци од овие конфликти ги вклучуваат нерешените регионални тензии, влијанието на стратегиите од времето на Студената војна врз модерните воени доктрини, ширењето на оружјето и дестабилизација на државите. Разбирањето на оваа историска динамика е од клучно значење за решавање на тековните безбедносни предизвици и развивање ефективни стратегии за промовирање на глобалниот мир и стабилност во 21 век. Теоријата на хаосот во таа смисла е дека малите војни секогаш имаат потенцијал да прераснат во големи војни.
Во осумдесетите години од минатиот век, што е последната декада од Студената војна, тероризмот веќе почна да се најавува на голема врата. И тука може да се уочи причинско-последична врска со малите војни. Многу од нив оставија длабоко и сложено наследство кое продолжува да влијае на пејзажот на тероризмот во денешно време. Во овој период глобалните сили се вклучија во повеќе прокси-војни и интервенции низ Јужна Америка, Африка и Азија со Блискиот Исток како посебно кревок безбедносен регион. Овие конфликти, често карактеризирани со идеолошки ривалства и поддршка на одредени локалните фракции, одиграа значајна улога во обликување на појавата и еволуцијата на тероризмот како стратегиска алатка на недржавни актери. Малите војни придонеле за тероризмот денес, пред сè преку геополитичките маневри и давање поддршка на сомнителни и непроверени милитантни групи. Двата блока обезбедувале воена помош, обука и идеолошка поддршка на различни фракции вклучени во локални конфликти, со цел да ги унапредат сопствените стратегиски интереси. Оваа поддршка честопати ги поттикнала и ги развила во силни недржавни актери кои подоцна еволуираат во терористички организации или бунтовнички групи кои користат елементи на тероризам. На пример, муџахедините во Авганистан добиле значителна поддршка од САД и нивните сојузници за време на Советско-авганистанската војна, за подоцна да се трансформираат во фракции кои станаа закана за нив самите. Тактиките и стратегиите користени за време на Студената војна, особено герилското војување и употребата на терористички методи како средство за политички притисок, имаат големо влијание на методите што ги прифатија денешните екстремистички групи. Терористичките организации ги искористија научените лекции од овие конфликти за да се вклопат со современите геополитички услови и технолошкиот напредок. Еволуцијата на терористите да прераснат од локални групи до транснационални мрежи кои вршат софистицирани глобални напади, во голема мера е резултат на овие историски влијанија.
Ерата на Студената војна беше сведок

на дестабилизација на регионите и влошување на етничките, верските и политичките тензии преку надворешни интервенции и поддршка на страни во локални конфликти. Последиците од овие интервенции се фрагментација на државите и создавање на нестабилни региони кои екстремистичките групи ги искористија за да воспостават контрола и да регрутираат следбеници. Распадот на едно организирано општество и структури на власт во постконфликтните општества обезбеди плодна почва за ширење на тероризмот, што создаде циклус на насилство и нестабилност кој трае и денес. Радикалните идеологии кои се појавија за време на Студената војна, често користени како алатки за влијание и контрола од страна на надворешните сили, придонесе за создавање на идеолошките основи



на современиот тероризам. Во овој период зајакнаа екстремистичките идеологии вкоренети во национализам, религиозен фундаментализам и антиимперијализам. Тие и денес продолжуваат да бидат на маргините, меѓу маргинализирани популации и одделни незадоволни групи кои и понатаму бараат чувство за идентитет, цел или правда преку насилни средства.
Може да се заклучи дека малите војни од времето на Студената војна одиграле клучна улога во обликувањето на пејзажот на тероризмот. Тие директно придонесоа за појавата на терористички организации, ги обликуваа нивните тактики и стратегии и ја влошија глобалната безбедносна слика со ширење на радикални идеологии. Сфаќањето на оваа историска динамика е од суштинско значење за развивање на ефективни стратегии за борба против тероризмот, решавање на основните причини за екстремизам и промовирање на глобалниот мир и безбедност во современата ера. Малите војни кои се воделе за време на Студената војна значително ја поткопаа довербата на многу држави во Повелбата на Организацијата на Обединетите нации (донесена во 1945 година). Нејзината цел била да се спречат идни конфликти и да се промовира меѓународниот мир и безбедност преку колективна акција на сите членки. Токму овие конфликти се карактеризирале со интервенции и геополитички ривалства меѓу големите актери, со што на виделина излегле длабоко вкоренетите недостатоци и ограничувања на системот на ООН, што на крајот и ја намалило довербата во нејзината способност ефективно да го исполни својот мандат.
Еден од клучните аспекти на малите војни била токму манипулацијата на Советот за безбедност на ООН од страна на блоковите, како алатка за унапредување на сопствените позиции и интереси. Советот за безбедност, дизајниран како основно тело на ООН, одговорно за одржување на меѓународниот мир и безбедност, станало бојно поле за геополитички битки, наместо форум за непристрасно решавање на конфликтите. Моќта на ставање вето што ја користеле петте постојани членки (САД, СССР, ОК, Франција, Кина), честопати го спречувала Советот во донесување на одлучувачка акција или консензус за критичните прашања. Оваа политизација сериозно го поткопала кредибилитетот на ООН како неутрален посредник и заштитник на меѓународното право. Понатаму, неуспехот на ООН да ги спречат или да ги решат конфликтите во овој период, ги истакна нејзините структурни слабости и институционални недоречености. ООН правела обиди да ги приспособи своите мировни операции и дипломатски напори кон сложеноста на прокси-војните, но честопати без ресурси, мандат или политичка волја за ефективно да интервенира. Како резултат на тоа, многу конфликти продолжиле со ненамалено темпо, што довело до бројни хуманитарни кризи, кршење на човековите права и широко распространето страдање што ја нарушило репутацијата на ООН како гарант на глобалната стабилност и правичност меѓу членките.
Исто така, во ерата на Студената војна биле забележани случаи кога принципите на Повелбата на ООН за суверенитет и немешање биле оспорувани или игнорирани од големите држави. Интервенциите во помали држави како Виетнам, Авганистан и Ангола, поддржани од надворешни сили под превезот на идеолошки или национални безбедносни императиви, покренале сериозни прашања за светоста на националниот суверенитет и способноста на ООН доследно да ги спроведуваат своите принципи. Овие интервенции често ги влошувало конфликтите, ја пролонгирале нестабилноста и ја продлабочиле недоверба во капацитетот на ООН да ги поддржува меѓународните норми и стандарди. Неуспехот на ООН да го спречат ширењето на нуклеарното оружје и да управуваат со контролата на оружјето за време на Студената војна, дополнително го поткопал кредибилитетот на ООН како глобален мировник. Трката во вооружување меѓу суперсилите, заедно со ширењето на конвенционалното оружје на посреднички или спонзорирани држави, ги зголемиле глобалната несигурност и го истакнала неуспехот на ООН ефикасно да се справи со основните причини за конфликт и војна.
Политизирањето на Советот за безбедност, предизвиците на суверенитет, неуспехот да се спроведе меѓународното право и неможноста да се реши контролата на ширење на оружјето, го поткопало легитимитетот на ООН како глобален арбитер. Овие историски неуспеси се од клучно значење за зајакнување на меѓународните институции и промовирање на колективните напори за ефикасно справување со современите безбедносни предизвици. Токму затоа т.н. „мали војни“ од ерата на Студената војна, длабоко ја разнишаа довербата во ООН со разоткривање на нејзините институционални слабости, политички поделби и неуспех да се спречат или ефикасно да се решат повеќето конфликти.

Ѓорѓи Вељовски



# Стратегии за Арктикот (2)

Во една студија која била изработена пред извесен период се дава споредбена анализа на арктичката стратегија која претставува значајна насока за надворешнополитичкото дејствување на арктичките, но и на другите држави кои гравитираат кон Арктикот

**Стратегија за Арктикот – Русија**

Руската стратегија се базира на Уредба за основите на државната политика на Арктикот, која е донесена заедно со Стратегијата за национална безбедност. Овој акт за Арктикот е камен-темелник за воспоставување на долгорочна стратегија за руското арктичко подрачје и со неа се дефинираат основите национални интереси, цели, задачи и стратегиски приоритети на руската национална политика за Арктикот. Руската арктичка зона се третира како стратетшка ресурсна база со цел социјален и економски развој на земјата. Во таа насока, Северниот морски пат оди од Баренцово Море до Беринговиот Мореуз и тој дел за Русија игра најважна улога, но овојпат, не може да се користи без да се навлезе во руските територијални води, Но, по климатските промени, оваа траса стана отворена за меѓународен морски сообраќај. Се покажа дека овој морски правец е профитабилен и има иднина и дека се одвива побрзо меѓу Тихиот и Атлантскиот Океан, односно меѓу Азија, Европа и Америка. Северниот морски пат како обединета транспортна линија за комуникација стана конкуренција за Суецскиот Канал, иако Русија го тврдеше спротивното и плански ја зајакнува својата поморска флота, особено онаа на нуклеарен погон, која го одржува северниот морски пат пловен во поголем дел од годината. На тој начин Русија има полесен пристап до Азија, што и овозможува да не е толку зависна од Европа. Покрај економската намена, Руската арктичка зона е во функција и на зачувување на единствениот арктички еколошки систем. Русија ги почитува меѓународните стандарди, за да се избегнат поголеми инциденти при истражување и експлоатација на природните богатства. Затоа за Русија Арктикот претставува подрачје за мир и соработка, а не за конфронтација. Во последниов период Русија испланира

одбранбени аспекти со подготвени вооружените сили, во согласност со постоечките опасности. Како оправдување за ваквите активности, Русија ги посочува напнатите односи со Западот и сѐ поголемото присуство на НАТО во близина на нејзините граници.

**Стратегија за Арктикот, за Норвешка и за Данска**

За Норвешка, на пример, целите за Арктикот се создавање на услови за одржлив развој, подигнување на трговијата и зголемување на инвестициите, промовирање на слободен пристап кон Арктикот, заштита на еколошкиот систем и на животната средина, поттикнување на научни истражувања, заштита на арктичкото наследство, поддржување на автохтони организации и поддршка во поларниот дијалог. Притоа се нагласува потребата од одржување на воено присуство на Арктикот, но и овластување да се врши надзор на овој регион, воедно НАТО претставува основа за национална безбедност и одбранбена политика на Норвешка во овој дел.
Данската стратегија е долгорочна. Бидејќи има специфична ситуација со спроведување на својот суверенитет на крајот на северот преку територијата  на Гренланд и Фарските Осторви кои претставуваа автономни области, земјата настојуваше да ги заштити заедничките интереси кои вклучуваат безбедност и економски односи. Според данската арктичка стратегија, спроведувањето на суверенитетот е примарна задача на данските вооружени сили на Арктикот и нивното присуство на подрачјето се реализира во согласност со интересите. Единиците на војската, морнарицата и воздухопловството вршат надзор над гренландските и фарските територијални води, врз воздушниот простор, како и во економската и риболовна зона на Гренланд, со цел да не дојде до систематско кршење на данскиот територијален суверенитет. Според оваа стратегија, експлоатацијата на природните ресурси на Арктикот треба да се врши во согласност со прифатените меѓународни обврски. Последниве години Данска работи на иновативни верзии за арктичка стратегија.

**Стратегиите на другите држави**

За разлика од другите арктички држави, Финска, Шведска и Исланд, на прв план во стратегијата не го ставаат суверенитетот и безбедноста, туку повеќе се концентрираат на климатските промени, на заштита на животната средина, на домородните народи и на унапредување на мултилатералната соработка .
Со арктичката стратегија Финска посветува внимание на високата подготвеност на своите оружени сили. Нагласени се три политички приоритети – заштитата на животната средина, економскиот развој и хуманата димензија.
Во Шведска, пак, приоритет има одржувањето на мирот во арктичкиот дел, но се смета дека тоа треба да биде со цивилни, а не со воени средства. Во таа смисла, се нагласува улогата на Арктичкиот совет како централен мултиратерален форум за соработка. По 2024 година, Шведска го истакнува своето учество во мирен, стабилен и одржлив равзој на Арктикот. Посебен акцент се става на униveралните меѓународно-правни правила. Во иднина се планира да се делува со зачувување на безбедноста, меѓународна соработка, заштита на животната средина, унапредување на научните истражувања, подобрување на условите за живот и  одржување економски развој.
Исландскиот парламент усвои резолуција за политика кон Арктикот, со која се предвидува заштита на различните аспекти на националните интереси, односно зајакнување на соработката внатре во арктичкиот совет и надминување на територијалните недоразбирања по пат на меѓународно морско право. Во таа насока се посочува демитализирањето на Арктичкиот регион. Од ова може да се заклучи дека Финска, Шведска и Исланд посветуваат внимание на развојот на внатрешната нордиска соработка





која ги опфаќа и Норвешка и Данска, а е насочена кон солидарност и задржување на неутралниот статус кон воено-политичките блокови.
Од друга страна, пак, ЕУ, со својата стратегија под името „ЕУ и Арктичкиот регион“, напомнува дека е нераскинливо поврзана со Регионот заради историјата, географијата, економијата и научните достигнувања. Се потенцира дека, со оглед на климатските промени, промените во животната средина ја менуваат геостратегиската динамика на Арктикот и влијаат врз меѓународната стабилност, па затоа се предлагаат три главни цели – заштита и зачувување на Арктикот, промовирање на одржливи ресурси и подобрување на мултилатерарното управување со регионот.  ЕУ во 2011 година има донесено Резолуција за одржлива политика на Унијата за крајниот север, со која се води единствена политика за Арктикот под името „Развојна стратегија на ЕУ кон Арктичкиот регион и следни чекори“, со што е нагласена посветеноста за зачувување на животната средина низ конструктивен дијалог и соработка со арктичките змеји и значително финансиско вложување. Во ажурираната верзија од 2016 година,  фокусот е ставен на три области: спречување на климатксите промени и заштита на арктичкото опкружување, отворање на научни и иновациски потенцијали за одржлив развој на регионот и продлабочување на регионалната и мултилатерната соработка.

**Кинеската политика кон Арктикот**

Кина, иако не е арктичка земја, сепак има своја политика во однос на овој регион. Најпрво ги зајакнала своите капацитети за создавање на научноистражувачки центри, институти и истражувачки станици на терен, по што утврдила дека Арктикот има 30 проценти неоктриени резерви на гас и 13 проценти резерви на нафта, резерви на руда и до 2060 година може да има прооден меѓунаорден морски сообраќај. Затоа Кина ги насочи своите интереси кон развој на економските односи со арктичките држави, пред сè со Русија, Норвешка и Исланд. Кина смета дека територијалните спорови на Арктикот треба да се решаваат по мирен пат и во согласност со меѓународното морско право. Кина смета дека некои права треба да се развијат во согласност со промените што се случуваат и да се води грижа за интересите на меѓународната заедница. Иако Кина нема јасна стратегија за Арктикот и не е член на Арктичкиот совет, како важен меѓународен форум за соработка, сепак може да придонесе за решавање на сите отворени прашања поврзани за Арктикот. Подоцна Кина во својата стратегија ги вклучила и прашањата за Арктикот, со што стави до знаење дека не сака да биде маргинализирана во врска со сите овие прашања и оти активно партиципира во сите поларни активности. Нејзините геоекономски интереси се широки и се во правец на одржување на меѓунаордниот поморски сообраќај и меѓународната трговија и таа смета дека Арктикот треба да остане оаза на мирот и стабилноста.





**Соработка или конфликт?**

Климатските промени доведоа до глобално затоплување и снемување на мразот на Арктикот. Овој природен феномен го актуелизираше прашањето за заштита на животната средина и одржувањето на економскиот развој. Бидејќи Арктикот има стратешко значење, поседува значајни извори на природни богатства и е многу важен регион, неговото геостратегиско значење се зголеми и затоа се јавуваат конкурентски односи меѓу државите. Во настојување да се пронајдат заеднички области на соработка, арктичките држави институционализираа Меѓународен арктички комитет, Баренцов евроарктички регион, Конференција на парламентарци на Арктичкиот регион и Арктички совет, кои имаат цел да се постигнат конструктивни меѓудржавни односи за Арктикот. Не е потребна „трка за Арктикот“, туку ефикасна соработка за изградба на меѓусебна доверба и безбедност.

м-р Зоран Василески



# Иранско-ирачката војна (1980 – 1988)

Иранско-ирачката војна, позната и како Прва заливска војна, е вооружен конфликт меѓу Ирак и Иран, што се водел од 22 септември 1980 година до 20 август 1988 година. Оваа војна е последниот голем конфликт во рамките на Студената војна и еден од најдолгите вооружени конфликти во 20 век

**Корените на конфликтот**

Граничните проблеми меѓу Ирак и Иран, особено прашањето за суверенитетот над реката Шат ал-Араб и провинцијата Кузестан, се една од главните причини за долгогодишниот конфликт меѓу двете земји, што доведе до крвави судири и долга војна која траеше осум години.

На 7 јули 1937 година, Техеран и Багдад го потпишале првиот договор за демаркација на границата помеѓу двете земји, после формирањето на ирачката држава. Во тој договор, Иран признава дека Шат ал Араб му припаѓа на Ирак, врз основа на старите договори помеѓу Отоманската Империја и Персија.

Речиси три децении по потпишувањето на договорот, Иран, на 19 април 1969 година, објавил дека ја отфрла оваа гранична демаркација, сметајќи ја за империјална креација и имајќи предвид дека Ирак бил под британски мандат. Багдад сметал дека едностраното откажување на договорот од страна на Техеран е флагрантно кршење на меѓународното право. Неколку дена по откажувањето на договорот, ирански брод навлегол во ирачките води без да ги плати потребните такси, за потоа двете земји да распоредат воени сили долж реката Шат ал Араб.

Со Алжирскиот договор од 6 март 1975 г., Ирак се согласил да му даде на Иран половина од Шат ал Араб. Била дефинирана линијата која ја претставувала речната граница помеѓу двете држави, а тоа била линијата што ги поврзувала точките на најдлабоките места долж Шат ал Араб. За возврат Иран требало да престане да го поддржува вооруженото курдско движење во северен Ирак, да му врати некои од пограничните територии на Ирак кои биле под иранска контрола и да ја контролира граничната безбедност.

**Ескалација на војната**

Со Исламската револуција од 1979 година, односите фундаментално се промениле. Иранскиот шиитски верски водач, ајатолахот Рухолах Хомеини, почнал да ја шири својата идеологија во другите земји од Блискиот Исток, особено во Ирак, каде што владејачката сунитска елита долго време го контролирала шиитското мнозинство. Бранот на поддршка за Хомеини се проширил меѓу ирачките Шиити и тие почнале отворено да пружаат отпор, па Садам Хусеин, плашејќи се од губење на власта, го отфрлил Алжирскиот договор и ги обновил старите ирачки претензии кон иранската провинција Кузестан. Оваа област е од исклучително значење за Иранците, бидејќи ја сметаат за родно место на нивната нација, но и поради огромните количини нафта, областа се сметала за незаменлив дел од иранската економија. Искористувајќи ги слабостите на иранската влада и армија, на 22 септември 1980 г., без да објави војна, Ирак го нападнал

Иран. Ирачките сили ја преминале границата и напредувале 80 до 120 км длабоко во Иран. До крајот на 1980 г., ирачката армија окупирала околу 14.000 км² од иранската територија со градовите Хорамшахр, Абадан и други. Сепак, резултатите од ирачкиот напад изостанале затоа што Ирак бил воено инфериорен во однос на Иран, кој благодарение на претходните добри односи на шахот со САД, ја имал опремено армијата со најмодерни американски авиони. Дополнително, огромна разлика имало и во морнарицата. Имено, Ирак, со брег долг само педесет километри, не можел да формира поморска сила против Иран, чиј брег се протега на повеќе од 2.400 км. Рамнотежата на силите била изедначена само по бројот на тенкови и оклопни возила, а Ирачаните биле експерти за ракување со овие оклопни возила.



По првичното повлекување, иранскиот лидер Хомеини мобилизирал голем број доброволци, испраќајќи ги во битка. Ирачаните почнале да се повлекуваат и да бараат мировни преговори, но Хомеини одбил да преговара. Иранците продолжиле со своите напади, ослободувајќи ги окупираните области и навлегувајќи во територијата на Ирак. До средината на 1982 г., иранските сили го вратиле најголемиот дел од изгубената територија, а потоа нападнале неколку ирачки области. Во 1984 и 1986 г. тие зазеле некои нафтени полиња во јужен Ирак, кои ги задржале до ирачката офанзива во април 1988 година. САД и нивните сојузници отворено застанале на страната на Ирак и го отстраниле Ирак од списокот на држави кои го поддржуваат тероризмот. Во исто време, Западот почнал да го вооружува Ирак, кој дотогаш набавувал оружје од својот долгогодишен сојузник – Советскиот Сојуз.

Во средината на 1980-тите, војната, главно, станала позиционирана. Најжестоките борби биле на јужната граница на Ирак, околу Басра, а конфликти имало и во ирачкиот дел на Курдистан. За да ги запрат иранските напади, Ирачаните користеле и хемиско оружје. Познато е дека Ирак уште од 1983 година користел иперит, а од 1985 година и нервен агенс – табун, против иранската пешадија и слабо обучените доброволци. Двете земји периодично со воздушни и ракетни напади ги бомбардирале големите градови, нафтените постројки и танкерите во Персискиот Залив, обидувајќи се да се спречат една со друга да заработуваат од извозот на нафта. Во 1988 г., Ирак започнал нова офанзива за ослободување на своите територии под иранска окупација. Иран, исцрпен и соочен со нова инвазија, се согласил на прекин на непријателствата, со посредство на Обединетите нации. Прекинот на огнот стапил на сила на 20 август 1988 година, при што на иранско-ирачката граница биле испратени воените набљудувачи на ОН (UNIIMOG).

Војната политички ги поделила арапските држави. Либија и Сирија му помагале на Иран, а повеќето други арапски држави му помогнале на Ирак. СССР, САД и западноевропските земји го поддржале ирачкиот режим, сметајќи го за фактор на регионална геополитичка рамнотежа. Се проценува дека во оваа војна Иран имал околу 400.000 до 600.000 мртви, а Ирак околу 150.000, додека некои извори наведуваат вкупна бројка од околу милиони мртви од двете страни. Гледано од економски аспект, Иран и Ирак, оваа војна ги чинела повеќе од 400 милијарди долари. Во август 1990 година, додека траела ирачката инвазија на Кувајт, Ирак и Иран повторно воспоставиле дипломатски односи, а Ирак се согласил со условите на Иран за решавање на војната: повлекување на ирачките трупи од окупираната иранска територија, споделување на суверенитетот над Шат ал Араб, а била договорена и размена на воени заробеници. Конечната размена на затвореници била завршена дури во март 2003 година.

Иако војната значително не ја променила границата меѓу двете земји, Ирачаните се сметале себеси за победници. Кога била објавена веста за крајот на војната, луѓето во Багдад танцувале по улиците, славејќи ја победата, додека во Техеран, главниот град на Иран, крајот на војната бил дочекан тивко и тажно.

м-р Игор Дамјаноски






# Најмоќните пет приватни компании за обезбедување

Приватните безбедносни компании се присутни на пазарот подолго и од еден век. Одредени приватни компании за обезбедување имаат привилигирани договори со владите на одредени земји, а некои од нив, пак, се вклучени и во контроверзни работи. Во овој текст се претставени најмоќните 5 приватни компании за обезбедување, издвоени според приходот од продажбата на услуги на глобално ниво.

**1. G4S**

Компанијата „G4S“ се опишува себеси како водечка светска компанија за обезбедување, но и како водечка „outsourcing“ групација, бидејќи на глобално ниво вработува повеќе од 585.000 службеници за обезбедување на 6 континенти, што ја прави трета по ред приватна компанија со најголем број на вработени во светот. Компанијата е специјализирана за „outsourcing“ работни процеси каде што се загрозува безбедноста, а безбедносните ризици се сметаат за стратешка закана. Овој британски мултинационален гигант во секторот за приватна безбедност е основан 2004 година, кога компанијата „Securicor“ со седиште во Лондон, се споила со данската групација „4 Falck“.

Оваа компанија, на глобално ниво, според последните достапни информации, остварила приход поголем од 9 милијарди евра во 2016 година, нудејќи широк спектар на услуги од областа на безбедноста, како што се: „outsourcing“ физичко обезбедување, превоз на затвореници, придружба, спроведување и превоз на пари и на скапоцени предмети, обезбедување на објекти од критична инфраструктура, вклучувајќи владини институции и објекти во приватна сопственост аеродроми и пристаништа, нафтени полиња и платформи, рудници, туристички центри, енергетски постројки, трговски ланци, финансиски институции и така натаму.

**2. SECURITAS**

Компанијата „Securitas“ е основана во Шведска, во сега веќе далечната 1934 година. Оваа компанија ја основал Ерик Филип Соренсен, а првобитниот назив на фирмата бил „Halsingborgs Nattvakt“.

„ Securitas“ е глобална компанија за обезбедување, која според податоците од 2016 година, вработува повеќе од 335.000 работници во 34 држави. Во 2016 година остварила приход од речиси 9 милијарди евра од продажба на услуги како што се статично физичко обезбедување и мобилна патрола, истраги, системи за аларм, превенција од загуби, безбедносен консалтинг и корпоративна безбедност. Оваа корпорација своето работење го организира преку 4 главни

одделенија: „Security Services“ во Европа, „Security Services“ во Јужна Америка, „Security Services“ во Северна Америка и „ AMEA“ , која своите дејности ги извршува во Африка, на Блискиот Исток и во Азија.

**3. ALLIED UNIVERSAL**

„Allied Universal“ ( првично „Allied Security“) е компанија за обезбедување, којашто е основана 1957 година во Питсбург, Пенсилванија. Компанијата брои 150.000 вработени, коишто се одговорни за заштита на повеќе од 20.000 клиенти, нудејќи широк спектар на услуги (физичко-техничко обезбедување и „HighTech“ обезбедување во вид на роботи). Своите услуги им ги нудат на сите сектори, особено на високошколски установи, на секторот на здравствена заштита и на корпоративни кампуси. Во 2016 година компанијата остварила приход од 4,5 милијарди евра.

**4. ADT CORPORATION**

„ADT CORPORATION“ ( American Distict Telegraph ) е компанија којашто е основана пред повеќе од 140 години, поточно на 5 април 1874 година. Сè започнало кога нејзиниот основач, Едвард Калахан, креирал уред на база на телеграф, „call-box“, за да сигнализира повик за помош до централната канцеларија. Набргу на целиот систем приклучил уште 50 домови од соседството, создавајќи на тој начин мониторинг центар од каде што се следела безбедноста на клиентите.
Денес, „ADT CORPORATION“ е водечка светска компанија за давање услуги за техничко обезбедување. Седиштето на компанијата е на Флорида (Бока Рантон). Компанијата работи со 35 земји ширум светот, има над 180.000 вработени и нивните услуги ги користат над 8 милиони корисници. Годишниот промет на компанијата е 4 милијарди евра. Компанијата, на клиентите, главно, им нуди услуги од 4 категории, и тоа: безбедност во домот, концепт на „паметна куќа“ и автоматизација, безбедност при работа и видеонадзор.

**5. DYNCORP INTERNATIONAL**

Оваа компанија е основана 1946 година. Седиштето на компанијата е во Меклејн, Вирџинија. Оваа компанија е една од специјално избраните приватни компании за обезбедување, којашто ја пратил американскиот Конгрес да им укаже поддршка на американските трупи во Ирак. „DynCorp“ има над 10.000 вработени, а нејзиниот



годишен приход изнесува над 3 милијарди евра, од кои 95% од сумата се остварени благодарение на договорите со Владата на САД. Услугите што ги нуди „DynCorp“ вклучуваат безбедност, поддршка во воздухопловството но, исто така, и разузнавачка и информативна дејност.
Покрај тоа што оваа компанија беше ангажирана во Ирак, „DynCorp“ ги поддржувал и американските сили во следниве земји: Перу, Колумбија, Сомалија, Косово, Кувајт, Боливија, Ангола и Хаити. Оваа компанија, исто така, била повикана да им помогне и на локалните жители во Луизијана и во околните региони после ураганот „Катрина“.
ПБК, всушност, се организации управувани за профит, коишто тргуваат со професионални услуги поврзани со домашната безбедност и заштита. Во голем број држави, како САД, Велика Британија, Израел, Германија, Русија, Јужна Африка и Филипините, бројот на домашни ПБК и висината на нивните буџети го надминува бројот на јавните безбедносни институции за спроведување на законот. За илустрација, САД, по завршување на Студената војна, во секоја мировна операција, сè повеќе користат услуги од приватни корпорации .
Денес, побарувачката на услуги од приватни безбедносни компании се зголемува како резултат на економските, демографските и политичките промени. Истовремено, државните и јавните власти сè помалку имаат директна одговорност во обезбедувањето на јавната безбедност. Побарувачката на приватни работници за обезбедување драстично се зголеми по нападите на 11 септември 2001 година, така што приватните безбедносни услуги се зголемија за околу 10% во САД, што е дури 50% од услугите во Европа.

м-р Ксенија Митева





# Жените се вклучуваат во транзицијата во Мали

Жените во Мали се решени да одиграат значајна улога во обновата на една нова држава Мали (Mali Kura во Бамбара), што е замисла од преодните власти. Желбата, да не останат настрана, поттикна некои жени, од филантропи до активисти, да се вклучат повеќе во општествените и политичките арени

Активистката Рокија Думбија се најде на насловните страници во Мали на 13 март 2023 година, кога беше уапсена поради објавување видео на социјалната мрежа „TikTok“, во кое се осудуваат високите нивоа на инфлација и се критикува рекордот на транзицијата. Но, и покрај реакциите предизвикани од нејзината порака, посветеноста на Думбија всушност го одразува растечкиот тренд кај жените од Мали кои сакаат да бидат дел од политичките промени во нивната земја. Во името на таа кауза, само неколку дена пред тоа, неколку жени учествуваат на церемонијата по повод меѓународниот Ден на жената на стадионот Модибо Кеита во Бамако, за да ги потсетат властите на пречките што го ограничуваат нивното вклучување во политичките процеси. Во тој контекст, интересено е да се спомене дека од законодавните избори во 2020 година, бројот на жени од Мали во Националното собрание е тројно зголемен. Од 147 пратеници, 42 се жени, од кои 14 се назначени после изборите во 2013 година. Ова зголемување на застапеноста на пратенички, во голема мера се должи на Законот 052, донесен во 2015 година, кој ги идентификува мерките за унапредување на родовата еднаквост на номинираните и избраните позиции и утврдува минимална квота од 30% за секој пол. Сепак, многу официјални тела кои претседаваат со тековната транзиција не ја исполнуваат оваа квота, а жените сочинуваат само шест од 28 членови на Владата (21%) и 42 од 147 членови на Националниот преоден совет (29%). Исто така, четири од 15 членови (27%) на Независната изборна управа формирана во јануари се жени, а 11 од 69 членови (16%) во комисијата што го подготвува новиот устав, исто така, се жени. Генерално, во административните тела на земјата, во 2021 година, само 15% од директорите на централните служби и 11% од амбасадорите биле жени. Жените во Мали се решени да одиграат значајна улога во обновата

на една нова држава Мали (Mali Kura во Бамбара), што е замисла од преодните власти. Желбата, да не останат настрана, поттикна некои жени, од филантропи до активисти, да се вклучат повеќе во општествените и политичките арени. Факт е дека за време на протестите што доведоа до оставка на претседателот Ибрахим Бубакар Кеита во 2020 година, жените беа помалку видливи. Но, сега, тие ја покажуваат својата посветеност преку  редовно учество во активности и демонстрации за поддршка на транзицијата. Притоа, некои жени се вклучени во добротворни иницијативи за промовирање на мирот и социјалната кохезија. Други, пак, имаат цел да ја зголемат институционалната застапеност на жените за да влијаат врз донесувањето одлуки. Сите тие ги засноваат своите надежи во вклучувањето на родот како една од петте стратешки оски во документот за обнова на нацијата, вклучително и изборниот закон кој бара кандидатските листи да ги исполнуваат родовите квоти. Исто така, женските групи се обидуваат да ги обликуваат и тековните политички процеси. Една таква истакната група е и „Женски колектив“ од Мали, што претставува, всушност, мрежа на африкански жени-министри и парламентарци за координација на женските здруженија и невладини организации. Сите тие се ангажирани да го спроведат проектот „Talking Tree“,преку кој жените од Мали повикуваат на поголема улога во политичкиот живот, во реформите и во изборниот процес.

После преговорите со традиционалните власти, а со помош на локалната власт, горенаведените организации создаваат простор за дијалог само со жени во регионите Гао, Тимбукту, Мопти, Сегу и Бамако. Со државна поддршка, тие спроведуваат повеќе активности како што се сесии за подигнување на свеста за новите закони за избори и родова еднаквост. Овие активности помагаат да се утврдат очекувањата на жените за транзицијата и изборите. Тие, исто така, информираат и за препораките усвоени на семинарот за родови прашања на министерствата за територијална администрација и промоција на жените. Насоките усвоени на семинарот имаат цел да го забрзаат вклучувањето на родовата перспектива во изборниот процес и политичките и административните реформи. Имено, бидејќи жените сочинуваат 50,4% од населението, тие се важен дел од електоратот. Затоа, со подготовките за изборите кои ќе започнат во блиска иднина, жените сакаат да ја зголемат својата официјална застапеност преку нивното



вметнување во новиот изборен акт кој повикува на родова рамнотежа на кандидатските листи. Па, така, додека политичките партии се реструктуираат пред изборите, некои истакнати жени планираат да апелират до партиите да се потрудат најмалку 50% од кандидатите да бидат жени, па дури бараат и неколку жени да бидат на врвот на партиските листи.

Сепак, можностите што ги нуди транзицијата се ограничени, а жените се соочуваат со многу предизвици. Некои од нив се структурни, бидејќи религиозните и културните верувања во општеството во Мали ја промовираат доминацијата на мажите во јавната и приватната сфера. Останатите преизвици се од економска и образовна природа, со неколку фактори кои ги ограничуваат можностите на жените да ги развијат своите вештини и аспирации да преземат повисоки одговорности. Затоа, преодните власти мора да се обврзат да им дадат на жените од Мали повеќе можности да учествуваат во политичкиот живот. Ова бара строга примена на Законот 052 и на членот 78 од изборниот акт. Во тој контекст, и владата, исто така, треба да ја зголеми институционалната и административната застапеност на жените во преодните тела на најмалку 30%, како што налага Законот.

Можеме да заклучиме дека крајната цел на целиот процес е повеќе од само бројки и пароли т.е.  многу повеќе од обична пропаганда. Она што е од круцијално значење е дека жените треба да имаат суштинска улога во транзицијата, заедно со радикалните промени во политичките операции, како и правата на жените за време на транзицијата, но и после тоа.

м-р Билјана Поповска
(повеќе на  https://issafrica.org/iss-today/women-step-up-to-the-transition-in-mali)





# Војувалиште – поле на преживување (4)

## (Како да преживеете на бојното поле)

Изработката на **засолништа** е првата од четирите најважни работи за преживување (засолниште, оган, вода и храна), што треба да ги знаат војниците. Според трајноста, засолништата се делат на привремени (кои се користат неколку дена), а тука спаѓаат импровизирани настрешници, колиби, игло, волчји и мечкини јами итн. и на трајни (се користат со месеци, па и со години, бидејќи се изработени од цврст матријал, како што се камен и дрво). Во трајни засолништа спаѓаат и пештери, пукнатини во карпи, земуници, колиби, брвнари и така натаму. Според средствата за нивна изработка, засолништата се делат на засолништа изработени од формациски средства (пончо, гумирана прекривка со алуминиумска фолија, шаторско крило и шатори) и на засолништа изработени од приручни средства (дрво, камен, снег, засолништа изработени со вкопување или со користење на природни вдлабнатини во почвата, карпите итн.).

Прекривката „пончо“, прекривката од алуминиумска фолија и шаторското крило се користат на ист начин, како прекривки, наметки или настрешници, со таа разлика што шаторското крило може да се продолжи и со други шаторски крила и на тој начин да се изработи шатор за двајца, тројца или за четворица војници. Војничкото шаторско крило претставува корисен додаток на војничката опрема. До пред неколку години секој војник должеше шаторско крило како составен дел од неговата опрема. Шаторското крило може да се користи како наметка за заштита и затоплување на војниците од силни, студени ветрови, како заштита од дождови и снегови, како заштита од капки на хемиски бојни отрови и радиоактивна прашина, за извлекување и носење на ранети и повредени војници, за имобилизација на скршеници, за носење и транспорт на опрема, за изработка на наметка за маскирање на војниците, како простирка за седење и лежење и за други намени.

Шаторското крило е изработено од неводоотпорна ткаенина со димензии 160 на 170 см. Секој војник поседува јаже од канап во должина од 4 метри, кое служи за затегнување на шаторското крило или за спојување на шаторските крила при изработка на заеднички шатор. Водоотпорноста на шаторското крило може да се зголеми доколку правилно се затегне – шиените рабови треба да бидат свртени надолу, додека со преминување и со триење

на шаторското крило со парафинска свеќа, неговата водоотпорност неколкукратно се зголемува. Полушатор се прави од едно, две или три шаторски крила, додека шатор се прави од 4, 6 или од 12 шаторски крила. Шаторот од 4 шаторски крила е наменет за сместување на двајца војници, во шатор од 6 шаторски крила можат да се сместат 6 војници, додека во шатор од 12 шаторски крила можат да се сместат од 8 до 10 војници. Маскирноста и дополнителната топлинска (термо) заштита се постигнува кога однадвор, врз шаторот, ќе се наредат гранки со одреден дебел слој на лисја, трева или трска, а доколку постои можност, при екстремно ниски температури се изработуваат двослојни шатори со дупли шаторски крила, каде што просторот помеѓу шаторските крила се пополнува со лисја или со трева како изолатори на топлина. При изработка на засолништа, од особена важност е да се направат одводни канали околу шаторот и попречен одводен канал на три до пет метри пред шаторот, во однос на наслонот на земјиштето, заради одвод на атмосферската или поројна вода, настаната при врнежи или при топење на снегот. Вратата на шаторот секогаш треба да е свртена на југ, спротивно од правецот на дување на северните и студени ветрови. Доколку постои можност, се изработуваат и импровизирани кревети, кои се подигнати 30 до 50 см над земјата, за да се избегне ефектот на студениот воздух кој е потежок од топлиот воздух и којшто се задржува и циркулира во нискиот дел од засолништето. Доколку не постои можност за изработка на импровизирани кревети, во тој случај долниот земјен дел од засолништето се покрива со тенки гранки, а врз нив се ставаат лисја или трева. Како добар топлотен изолатор се покажале гранките од зимзелените дрва кои се сложуваат една врз друга, сè додека не се добие слој од 30 сантиметри. Ако постои можност за снабдување со огревно дрво за затоплување на засолништето, се изработуваат и се користат најразлични огништа во вид на импровизиран камин од камен и кал, дакота-огниште, потоа огниште познато како ,,жар“, коешто е изработено во поголема лимена конзерва, во кутија за муниција или канистар за гориво и слично. Користењето на свеќи или на импровизиран фенер од конзерва и масло од риба, освен тоа што служат за внатрешно осветлување на засолништето, исто така, може да ја подигне и внатрешната температура за неколку степени. Во оние засолништа





кои се подобро затворени, како на пример земунка и игло, пламенот од свеќата служи и како индикатор за присуство на кислород внатре во засолништето.

Други видови засолништа кои се изработуваат од прирачни средства се:

- Засолниште ,,Бунар“ – се користи за преноќување, кога се нема време или можност за изработка на друг вид заклон. Во ова засолниште може да престојуваат двајца или тројца војници, кои во засолништето се сместуваат во седечка положба во облик на круг. Се изработува со копање на дупка во кружна форма во вид на бунар во земја или во снег, со длабочина од околу 1,5 метри, додека отворениот горен дел се покрива со шаторско крило, со пончо, скии или гранки, на кои се нафрла слој од лисја или трева, а во зимно време слој од снег со дебелина од 30 до 50 см. За изработка на ова засолниште се потребни двајца или тројца, а се прави за 30 минути.
- Засолниште ,,Тунел“ – се изработува на сличен начин како и засолништето „Бунар“, само што формата на вкопувањето е линиска, во вид на ров, каде што војниците имаат можност да седат во една или во две линии, свртени со лицата еден кон друг.
- Засолниште ,,Мечкина дупка“ – познатато и како „Волчја јама“, се изработува со вкопување во земја или во снег на кос терен, со наклон поголем од $60^0$. Влезот е хоризонтален, во висина на колената, додека внатрешноста е во форма на круг или на четвороаголник (квадрат или правоаголник). Внатрешната температурата во ваквиот вид засолниште е повисока за $15^0$ до $180^0$ С од надворешната температура. За




изработка на засолништето „Мечкина дупка“ се потребни двајца војници, а се изработува за 40 минути.

• Партизанско (герилско) засолниште – се изработува најчесто од паднати стебла, кои се пресекуваат во висина од 1,8 метри, срушени на едната страна или од зимзелени дрвја, каде што гранките на висина од 1,8 метри се вплетуваат помеѓу себе, формирајќи кровна конструкција. Пониските гранки се отстрануваат од стеблото и се употребуваат како надземна топлинска покривка. Од страната на исплетената кровна конструкција, во одредена косина се ставаат странични гранки или скии, кои се покриваат со шаторско крило или други испреплетени гранки врз кои се нафрла слој од лисја, трева или снег, при што засолништето добива облик на пирамида. Внатрешната температурата во овој тип засолниште е повисока за 15 до 180 С од надворешната температура. За изработка на ваков тип засолниште потребни се 6 војници, а истото се изработува за 60 минути.

• Засолниште „Индијански бивак“ – најчесто се изработува во шумски предели. Се избира високо дрво со право стебло со висина до 3 метри, потоа се отстрануваат гранките од стеблото, се сечат прави стебла во должина од околу 5 метри и се редат околу основното стебло во облик на пирамида во круг со полупречник од околу 2 до 2,5 метри. Конструкцијата на засолништето се покрива со шаторско крило или со гранки врз кои се нафрла слој од лисја, трева или снег. Внатре во засолништето може да се запали огниште, а чадот треба да се движи нагоре, покрај основното стебло на дрвото и да излегува низ мал отвор за чад на врвот на засолништето којшто претходно е направен. Во оваа засолниште можат да се сместат 8 до 10 војници, а за неговата изработка се потребни околу 45 минути.

•Засолниште „Карпа“ – се изработува на место каде што постои карпа во вид на прав ѕид како главен носечки ѕид, на кој од страна, под одредена косина, се прави ѕид во висина од 1,5 до 2 метри, изработен од шаторски крила, скии, стебла, коцки снег (со димензии 60x50x30), или од поголеми камени блокови. Влезот се изработува покрај самата карпа. Овој вид на засолниште овозможува користење на огниште, коешто се прави од страна на карпата, каде што покрај карпи, можат да се користат и одредени видови пештери, карпести пукнатини и шкарпи.

•Засолниште ,„Игло“ – се изработува од снежни блокови (60x50x40) од тврд снег во сферичен облик на полутопка со пречник од 3 метри. Ѕидањето најчесто го вршат еден до двајца војници, а секој нареден ред од снежни блокови се поместува за неколку сантиметри во внатрешната страна, додека не се достигне висина од 2 метри. Врвот се затвора со снежен блок во вид на конус. Внатрешноста на ова засолниште е мазна, а за влегување и излегување се изработува мал отвор во вид на тунел под одреден кос агол, кој за да се зачува топлината, се затвора и на двете страни, додека влегувањето и излегувањето се врши со ползење. Времето за изработка на овој тип засолниште е од 60 до 75 минути.

**Огнот** е од секундарно значење во случај на преживување, веднаш после засолништето. Огнот е наменет е за затоплување, за приготвување храна, за сушење на униформите и опремата, за осветлување на просторот и за сигнализација. Несоодветно испланираното место и лошо изработеното огниште, претставува силен демаскирачки знак, кој поради светлината, чадот, а во одредени случаи и поради одразот на топлината, може да се забележи и до неколку километри.

**Опремата** за изработка на огниште се состои од:

– запалка (водоотпорен кибрит; магнезимуски кибрит со можност до 50 палења којшто е отпорен на вода и влага; кремен и точило, кои претставуваат задолжителен дел од опремата во многу НАТО единици и мошне сигурни средства за палење оган кои ослободуваат насочен сноп од искри со температура којашто може да достигне и до $2000^0$C, со можност и до 3000 палења; зипо запалка и други запалки кои користат бензин, како и сите други видови на запалки).

– стартер – се состои од најразлични запаливи смеси во форма на таблети или коцки, наменети за палење оган и истите горат од 5 до 10 минути, ослободувајќи голема количина на топлина.





– огревен матријал: најчесто тоа се дрвја кои се употребуваат како гориво.

Најголемиот проблем со огревниот матријал настанува кога војниците и единиците извршуваат активности на надморска височина над 1800 метри, каде што завршуваат шумските појаси и нема дрвја кои би се искористиле како огревен матријал. Алтернативни начини за огревен материјал се носење парчиња дрва од страна на војниците во нивниот борбен товар или дотур на огревен материјал со помош на товарни животни или возила. Во поново време се користат специјално дизајнирани цилиндрични плински боци, кои се со прифатливи димензии и тежина.  Ако се јави потреба од итно затоплување, тогаш може да се користат и стартерите. Најдобро е да се палат како планинарско огниште или во конзерва на кои е ставена друга конзерва или метален дел од приборот за јадење, наполнет со вода која, покрај тоа што ќе апсорбира и ќе зрачи топлина, може да се користи и за загревање на вода за топли напитоци.

Најпогодни видови огништа кои потешко се забележуваат на отворен простор, поради тоа што имаат мал светлосен и топлотен одраз и ослободуваат мала количина на чад, се дакота-огнот, нордискиот (шведски) оган и планинарскиот оган.

• Дакота оган – за овој вид огниште се копаат две дупки во земјата, каде што првата главна дупка со пречник од 30 см се копа право, вертикално надолу, на длабочина од околу 50 см и е наменета за изработка на огниште. Втората дополнителна дупка се копа косо во однос на главната дупка, во вид на тунел кој треба да заврши во дното на главната дупка и е наменета за да донесе кислород  како поддршка за горењето на огништето. За полесен начин на изработка на втората дупка може да се користи дрвен или метален колец. Со удирање се врши пробивање на земјиштето и се прави потребниот тунел со пречник од околу 10 сантиметри.

• Нордиски (шведски) оган – се изработува од трупец од суво дрво со пречник од 30 до 50 см, кој се пресекува на половина, на четри еднакви дела во вид на крст. Внатрешниот, мекиот дел од трупецот, познат како срцевина, се отстранува, додека четрите отсечени парчиња повторно се спојуваат во првобитната форма, формирајќи го трупецот. Спојувањето на пресечените делови се врши со жица, со потпирка од камења или со колчиња од сирово дрво. Огнот се пали во средниот шуплив дел од отстранетата срцевина, а  пламенот и топлината се насочени кон врвот од отворот, ослободувајќи голема количина на насочена топлина. Доколку се стават 3 или 4 еднакви камени плочки на здравите делови на горниот дел од трупецот, на нив може да се постави металниот дел од војничката порција или, пак, конзерва, која би послужила како сад за приготвување на храна.

• Планинарскиот оган е вид огниште кое се изработува со користење на стартери за оган (коцки за потпалување) и многу малку суви гранчиња како огревен матријал. За да се направи планинарски оган се бираат 4 камени плочки. Долната плоча е поголема и служи за да се спречи губењето на топлината во земјата, а воедно ја насочува температурата на горниот дел од огништето, додека другите 3 камени плочки кои треба да се рамни од внатрешната страна, се поставуваат така, што внатрешниот дел ја формира буквата „П“. Планинарското огниште може да се изработи и во поголема конзерва од 500 грама, па и повеќе, каде што во долниот дел од конзервата се прави правоаголен отвор за воздух, додека на горниот дел од конзервата се прават мали отвори за излегување на чадот. Стартерите за потпалување, или малите гранчиња, се ставаат во шупливиот дел од огништето и се палат, додека на горниот дел се поставува металниот дел од војничката порција или некоја конзерва која би послужила како сад за приготвување на храна или на топли напитоци. Вака изработеното огниште врши зовривање на 200 до 300 милилитри вода, за време од околу 5 до 10 минути.



Виктор Крстевски





# Најважна е превенцијата

Во прилогот подолу е направено кусо интервју со припадници на Армијата и врвни атлетичари, не само во рамките на Армијата, туку и на домашни и меѓународни натпревари и како тие го разбираат „мовембер“ или глобалното движење коешто е посветено за подигање на свеста за машкото здравје

Мајор Игор Јакимовски е скромен и дисциплиниран човек, посветен на воениот позив, но и врвен спортист кој е бескрајно вљубен во атлетиката. Воедно, тој е и тренер којшто многу вложуваше за атлетиката во Македонија. Во врска со кампањата за машкото здравје, мајорот Игор Јакимовски ни посочи: „Сметам дека секој маж по навршување на 40-годишна возраст, треба здравствено да се насочи кон редовна контрола и самоконтрола за превенција од многу заболувања, а ете месец ноември нека биде само како еден мал потсетник за надминување на здравствените ризици. Превенцијата е клучна, па од тие причини редовно правам здравствени контроли. Спортската медицина е задолжителна за секој активен спортист. Формула за совршено здравје не постои, барем не универзална. Здравиот животен стил, квалитетната исхрана во комбинација со спортување, се клучот за добро здравје, посебно од аспект на тоа што преку спортот го канализираме стресот и го зајакнуваме имунитетот. На помладите им порачувам да имаат континуитет, дисциплина, да веруваат во себе и храбро да ги прифаќаат сите животни предизвици. Примерот од врвните спортисти нека им биде урнек за добро здравје и успешна кариера“.
Капетанот Жан Тосев од редот на „гардистите“ е врвен спортист кој направи екстремен скок во атлетиката и за кусо време се најде меѓу најдобрите атлетичари на домашната и на меѓународната сцена. Нему му претстои успешна атлетска криера. Неговото видување за месецот посветен на машкото здравје е следново: „Мовембар за мене претставува културен тренд, чија цел е да се охрабрат мажите отворено да зборуваат за своето здравје и за проблемите со кои се соочуваат. Во однос на грижата за сопственото здравје практикувам секојдневно движење од минимум час и половина, во комбинација со здрава храна и квалитетен сон за да го одморам телото. Редовните систематски прегледи, спортска медицина, како и лабараториски анализи на крвната слика се задолжителни. Рецепт за добро здравје според мене е комбинација на спорт, здрава исхрана и доволно сон. На помладите генерации би им порачал да се дистанцираат од технологијата, повеќе да спортуваат и да изнајдат начини како повеќе да бидат во допир со природата и во баланс со самите себе. Правилното дозирање на нештата е клучно за добро здравје и за среќа, а со самото тоа е и извор на благосостојба и за формирање на здрави личности кои можат да придонесат во општеството“.
Професионалниот војник Трајче Илиевски е гордост на градот Велес. Тој придонесе за културно и спортско издигнување не само на велешани, туку и на општо задоволство на сите вљубеници во уличните трки. Илиевски на нашето прашање одговори: „Превенцијата е клучна, секоја година од рак на простата и тестиси заболуваат многу мажи ширум светот. Целта е да се охрабрат мажите и да го отфрлат стравот од превентивни прегледи при сомнителни симптоми. За сопственото здравје се грижам секојдневно. Редовно правам лабораториски анализи, како и прегледи на спортска медицина, два пати годишно, со цел да ги исклучам сите потенцијални опасности. Здравата исхрана, во комбинација со спортување, е добитна комбинација, би рекол едното без другото не оди. Јас, последните 12 години, колку што активно се занимавам со атлетика, се трудам да внесам сирова храна, поголема количина вода, протеини и соодветни суплементи за да ги задоволам сите нутритивни потреби на организмот. Околу изборот на професијата, на младите би им порачал да ја одберат онаа професија која ќе ја работат со многу љубов, внимание и на која ќе ѝ пристапат со голема одговорност, самопожртвуваност и дисциплина. Само на тој начин успехот е гарантиран – да одберат спорт кој ќе им го канализира стресот и ќе придонесе за умствена и телесна благосостојба. За крај, менталното здравје е исто толку значајно како и физичкото. Тие се како ден и ноќ“.
Почитувани соговорници, ви благодарам на времето кое го одвоивте и ја прифативте поканата отворено да говорите за тема која е мошне чувствителна. Ако ова допре и помогне за подигање на свеста барем кај еден маж, во тој случај, нашата мисија била успешна.

Марија Пеликон





# Свечено одбележан Денот на Инженерискиот баталјон

Во касарната „Илинден“ во Скопје со пригодна свеченост беше одбележан 13 Ноември, Денот на Инженерискиот баталјон. На свеченоста се обратија командантот на 1.пбр, бригаден генерал Дејан Чиплаковски и командантот на инжб, потполковник Ласте Ѓорѓиев

Командантот на Првата пешадиска бригада бригадниот генерал Дејан Чиплаковски, во своето обраќање по повод Денот на единицата се осврна на улогата на единицата, од нејзиното формирање до денес. Чиплаковски нагласи дека од полноправното членство во НАТО алијансата, Инженерискиот баталјон, заедно со останатите единици во 1.пбр, продолжува да биде круцијална борбена сила и ударна „тупаница“ на Армијата. Тој потсети дека посебно место зазема опремувањето со модерна и софистицирана опрема во согласност со НАТО стандардите, како и ставањето во оперативна употреба, прием и обука со новата опрема од европските мировни фондови и учеството во мисиите и вежбите. На крајот од своето обраќање, командантот на 1.пбр нагласи дека инжб учествува во деминирање на трасата од автопатот Прилеп – Битола, активност која е од државен интерес, порамнување и проширување на патиштата низ целата држава, чистење на речни корита и останати активности. Командантот на инжб, потполковникот Ласте Ѓорѓиев, истакна дека, прославувајќи го Денот на Инженериската единица, чувството на почит и гордост кога им се обраќа на присутните пред стројот е големо, бидејќи големи се и делата од досега постигнатото и сработеното. За тоа говорат трајните дела на инженерците и за ова се заслужни сите припадници на инжб кои работат напорно, посветено и професионално. Потполковникот Ѓорѓиев истакна: „Денес, кога се одбележуваат 80 години од формирањето на Инженериската бригада на ГШ на НОВ и партизанските одреди на Македонија, овој ден ги оживува настаните од нашето историско минато, денот на ослободувањето на главниот град Скопје, чиј носител на традициите е токму Инжинериската бригада. Извршувањето на мисијата беше и останува исто – да ја браниме државата и да ја сочуваме нејзината независност и слобода со сите сили и средства“. На свеченоста, исто така, присуствуваа и командантот на Командата за операции (КО), бригадниот генерал Бесник Емини, началникот на штабот во КО, бригадниот генерал Мирче Ѓоргоски. Командантот на 1.пбр, бригадниот генерал Дејан Чиплаковски, претставници од КО и 1.пбр, активни и пензионирани генерали на Армијата, команданти на единици и поранешни команданти и припадници на Инженерискиот баталјон. По повод Денот на единицата беа прочитани наредби за унапредување и стимулативни мерки. За најдобар вод беше прогласен првиот вод од Четата за инженериска поддршка, под водство на поручник Билјана Стојановска. На поранешните команданти и пензионирани старешини од инжб, по повод јубилејот, им беа доделени плакети со логото на единицата, а беше реализиран и тактичко-технички збор за опремата и средствата со кои располага единицата. Во рамките на одбележувањето на Денот на инжб, припадниците на Баталјонот, во соработка со Црвениот крст, реализираа крводарителска акција и донација на школски прибор за децата од основното училиште „Синиша Стоилов“ во село Зрновци. По повод Денот на единицата, од страна на командантот на Командата за операции беше отворена и спомен-соба на Инженерискиот баталјон.

ГЃ/ДЧ



# МУЛТИНАЦИОНАЛНАТА ВЕЖБА „WISE WOLF 2024“






На армискиот полигон „Криволак“ се реализираше мултинационалната вежба „Wise wolf 2024“. На оваа вежба учествуваа припадниците на Баталјонот за специјални сили, кои изведуваа активности заедно со специјалците од Албанија, Бугарија, Црна Гора, Грција, Романија, Турција и Босна и Херцеговина. Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, ги посети припадниците на 14 ноември, на Денот на високи гости, на кој присуствуваа и началникот на Генералштабот на Армијата, генералот Сашко Лафчиски, како и високи воени претставници и одбранбени аташеи од земјите учеснички. Притоа, заеднички тимови на специјалци реализираа здружена показна вежба „Спасување и извлекување на заложници од конфликтна средина“, на која ги прикажаа своите вештини и способности. За време на двонеделното извежбување беа користени осум хеликоптери од типот „CH47 Chinook“, „UH60 Black Hawk“, „Puma“ и „Mi-17“, а над 120 специјалци во мешани тимови од сите земји учеснички извршија повеќе задачи: спуштање од хеликоптер со јаже, гаѓање со снајперски пушки со долг дострел, обезбедување од копно и од воздух, борба во затворен простор, медицинска евакуација и други. Вежбата, која се одржува на годишно ниво во една од земјите учеснички, ја зајакнува регионалната соработка во овој домен и ја унапредува интероперабилноста, која е основа за зацврстување на колективната безбедност. Оваа вежба се реализира еднаш годишно, почнувајќи од 2011 година, на иницијатива на началниците на генералштабовите од балканските земји.

# Израелски тежок оклопен транспортер „Achzarit“

Повеќедецениските закани и повеќегодишните војни со соседните држави кои поседуваат поголеми човечки ресурси и воена техника, го примораа Израел да размислува поиновативно, односно детаљно да ја проучува заробената воена техника, со цел рационално да ја користи за свои потреби. Еден ваков пример е и тешкиот оклопен транспортер „Achzarit“, создаден врз основа на заробените тенкови „Т-54“ и „Т-55“. Развојот на оклопниот транспортер „Achzarit“ е започнат во раните 1980-ти години од страна на компанијата NIMDA, во соработка со израелската армија. При развојот се направени мноштво измени на основната конструкција од тенкот, односно извадена е старата борбена купола со топот и создаден е нов внатрешен моноволуменски простор во кој се обединети управувачкиот, борбениот и транспортниот оддел.
Со цел зголемување на заштитата на екипажот и на десантните војници, на предниот дел, од страните и на горниот дел од старото оклопно тело, е поставен нов комбиниран модуларен оклоп кој штити од проектили со калибар од 14.5 mm и овозможува одредена заштита од кумулативни проектили од рачни ракетни фрлачи. Максималната дебелина на оклопот изнесува 200 милиметри. Стариот мотор е заменет со нов кој е поставен попречно, заедно со трансмисијата во одвоениот заден лев оддел, со што е овозможено во задниот десен дел да се направи мал ходник (покрај моторот) и тесна дводелна рампа за десантирање која се придвижува со хидрауличен механизам. На потпорните тркала се вградени нови торзиони осовини кои овомožуваат поголем вертикален од, а на првото и задното потпорно тркало се вградени хидраулични амортизери кои веќе се користеле на тенкот „Merkava“. Исто така, заменети се погонските тркала, бочните преносници на гасениците и друго.
Внатрешниот распоред на екипажот е следен, напред лево е позицијата на возачот, напред, централно, е позицијата на командирот, а десно од него е позицијата на нишанџијата. За потребите на возачот, на кровот се вградени 4 перископи и отвор, за потребите на командирот е вграден издигнат отвор на кровот кој од страните поседува оклопени стакла со цел обезбедување видливост од 360º, а за нишанџијата е вградена далечински управувана борбена станица Rafael OWS, плус 2 перископи и отвор на кровот, веднаш зад борбената страница.
Вообичаено, во внатрешноста се транспортира одделение од 7 војници за кои внатре лево е вградена клупа, а позади две столици на склопување и две исти такви столици од десната страна. За потребите на десантното одделение, на кровот се вградени 2 мали квадратни отвори и по 2 перископи на левата и на десната страна. По потреба, на кровот можат да се постават дополнителни 3 постаменти за „М240“ од каде би дејствувале командирот и двајца војници од десантното одделение. Некои верзии од „Achzarit“ на долната десантна рампа имаат вграден визир со оклопно стакло за набљудување наназад. Од опрема во возилото е вграден систем за детекција/противпожарен систем со халони „Spectronix“, напред лево и десно се вградени по еден лансер на димни гранати со по 6 цевки „IMI CL-3030“ (по потреба димна завеса може да се направи и со вбризгување гориво во издувниот систем на моторот), комуникациски системи, а екипажот и десантните војници се опремени со АБХО лична заштитна опрема и друго.
Борбената станица „Rafael OWS“, стандардно е опремена со „М240“, со калибар од 7.62 mm, а во возилото се сместени 4000 куршуми, од кои 200 се подготвени за дејство. Но, наместо „М240“ може да се постави тежок митралез „М2НВ“, со калибар од 12.7 mm. Инаку, борбената станица „Rafael OWS“ е опремена со перископски нишан со зголемување x1 со видно поле од 25º, а десно од него е поставен уште еден перископски нишан со зголемување x8 со видно поле од 8º. И двата нишани имаат интегриран пасивен систем од втора генерација за ноќно гледање. „Rafael OWS“ има елевација од -20° до +60° и ротација од 360º.
Како погон во возилото се вградува осумцилиндричен турбо дизел-мотор „Detroit Diesel 8V-71TA“, со моќност од 650 кс, во комбинација со автоматската трансмисија „Allison XTG-411-4“. „Achzarit“ има резервоари за гориво кои се инсталирани од страните, што овозможува да се запрат или да се забават проектилите кои продираат во оклопот.
Од основниот модел на оклопниот транспортер „Achzarit“ се развиени неколку верзии: командна, со повеќе комуникациски системи, возило за медицинска евакуација, инженериска верзија, сервисна верзија, „Achzarit 2“ во која како погон се вградува турбо дизел-мотор „Detroit Diesel 8V-92 TA“ со моќност од 850 кс, во комбинација со автоматската трансмисија „Allison XTG-411-5“ и други верзии.

Ивица Дамески



## Објаснување на пресек-сликата

### Пресек-слика на „Achzarit“

**1.** Лансер на димни гранати со 6 цевки „IMI CL-3030“ .
**2.** Перископ за возачот (вкупно четири).
**3.** Поклопец од отворот за возачот.
**4.** Отвор со оклопни стакла за командирот на возилото.
**5.** Далечински управувана борбена станица за нишанџијата „Rafael OWS“.
**6.** Поклопец од отворот за нишанџијата.
**7.** Седиште за нишанџијата.
**8.** Постамент со митралез „М240“.
**9.** Отвор над транспортниот оддел.
**10.** Држач на антени.
**11.** Противпожарен систем „Spectronix“.
**12.** Горна десантна рампа.




**13.** Десантен отвор.

**14.** Комуникациски уред за надворешната пешадија.

**15.** Долна десантна рампа (хидраулички придвижувана).

**16.** Корпа.

**17.** Погон „Detroit Diesel 8V-71TA“, со трансмисија „Allison XTG-411-4“.

**18.** Резервоар за гориво.

**19.** Позиција за акумулатори.

**20.** Погонско тркало.

**21.** Гасеница со широчина од 58 cm.

**22.** Потпорно тркало (по 5 од секоја страна).

**23.** Заштитен перфориран лим TOGA.

**24.** Клупа и седиште за десантните војници.

**25.** Седиште за командирот.

**26.** Седиште за возачот.

**27.** Комбинирана оклопна заштита (челични плочи, композити и ERA).

**28.** Тркало-мрзливец.

| **Тактичко-технички карактеристики на „Achzarit“** | |
|---|---|
| **Екипаж/десантни војници** | 3 + 7 |
| **Должина** | 6.2 m |
| **Широчина/со оклоп ЕААК** | 3.6 m |
| **Височина** | 2 m (до кровот) |
| **Клиренс** | 40 sm |
| **Тежина** | 44 тони |
| **Погон** | Турбо дизел-мотор „Detroit Diesel 8V-71TA“ со моќност од 650 кс, со трансмисија „Allison XTG-411-4“ |
| **Максимална брзина** | 55 km/h |
| **Автономија на движење на копно** | 500 km |
| **Преден наклон** | 60 % |
| **Бочен наклон** | 40 % |
| **Вертикална препрека** | 80 cm |
| **Премин преку ров** | 2.7 m |
| **Премин преку водена препрека** | 1.4 m |




# Антибалистички ракети „ARROW“

Противвоздушната одбрана спаѓа во една од најпочитуваните, најсофистицираните и најскапите системи за одбрана на државниот и територијалниот интегритет и суверенитет на една држава. Израелскиот ракетен и одбранбен систем е повеќеслоен и мултифункционален, направен за одбрана од потенцијално многубројните опасности кои доаѓаат од сите страни

Израелскиот повеќеслоен ракетен одбранбен систем го покрива подрачјето со краток, среден и долг дострел. Системот „Arrow“, во комбинација со противвоздушните системи за среден и краток дострел, ја претставуваат воздушната одбранбена сила на Израел. Системот „David's Sling“ е дизајниран да соборува балистички проектили, истрелани од 100 до 200 км оддалеченост и од системот за краток дострел „Iron Dome“, изграден за да пресретне ракети, минофрлачи и беспилотни летала со краток дострел, истрелани од палестинското исламистичко движење Хамас во Газа. Системот „Arrow“ припаѓа на семејство на антибалистички ракети, дизајнирани за да го остварат израелското барање за противракетен и одбранбен систем кој би бил поефективен дури и од системот за одбрана „MIM-104 Patriot“. Развојот на овој систем вреден повеќе од милијарди долари, е финансиран и произведен од Израел и САД, а истиот започнал во 1986 година. Двете држави потпишале Меморандум за разбирање на 6 мај 1986 г., со цел кофинансирање на програмата „Arrow“. Програмата била лансирана во период кога арапските држави се здобиле со ракетите „земја-земја“ со долг дострел. Овој систем е избран наместо ракетниот одбранбен систем „RAFAEL Armament Development Authority“, така што било оценето дека „Arrow“ има поцелосен концепт и поголем дострел. Проектот го води израелската воздушна индустрија (Израелската администрација за развој на оружје и технолошка инфраструктура, која е дел од израелското Министерство за одбрана) и компанијата „Boeing“, а работата е надгледувана од израелското Министерство за одбрана и Агенцијата за ракетна одбрана на САД. Во 1988 г. Организацијата за стратегиска одбранбена иницијатива на Министерството за одбрана на САД, увидела дека Заливската војна ги разоткрила контроверзните перформанси на системите „Patriot“ против ирачките ракети „Al-Husayn“. Оваа состојба дополнително го поттикнала развојот на програмата „Arrow“. Системот првично бил дизајниран да пресретнува ракети управувани од Сирија и од Саудиска Арабија. Програмата „Arrow“ и понатаму еволуирала во однос на напредната ракетна програма на Иран. Тогашниот министер за одбрана на Израел увидел дека новата ракетна закана е една од најопасните идни закани за безбедноста на Израел, а за програмата истакнал дека е вистински прогрес учеството на Израел во Иницијативата за стратешка одбрана, која била

воведена од претседателот на САД. Кога започнала програмата, проекцијата за вкупните трошоци за нејзиниот развој и производство, вклучувајќи го и почетното производство на проектили, била околу 1,6 милијарди американски долари. Цената на еден проектил „Arrow“ била проценета на 3 милиони долари. Се претпоставува дека помеѓу 1989 и 2007 г. во програмата „Arrow“. биле инвестирани околу 2,4 милијарди долари. На оваа програма се противело израелското воено воздухопловство, поради можноста дека набавката на скапите ракети ќе ги намали ресурсите наменети за офанзивни проекти како што се борбените авиони. Било истакнато тврдењето дека е многу едноставно да се измами одбранбен систем од типот „Arrow“, со едноставни, евтини и лесно инсталирани проектили, што ќе го направи овој систем неефикасен. Се предвивувало дека ова ќе има огромни трошоци и би дошло до нарушување на буџетските приоритети, до пренасочување на средствата и до длабока ревизија на доктрината за национална безбедност на Израел. Се тврдело дека, иако системот е ефикасен против проектили со конвенционални, хемиски или биолошки боеви глави, истиот нема да биде релевантен против идните закани од ракети со нуклеарни боеви глави, бидејќи никогаш нема да може да обезбеди херметичка одбрана и влијание. Дури и една нуклеарна боева глава во густо населената урбана област на Израел би била егзистенцијална закана за државата.
Со текот на времето, повеќето од песимистичките предвидувања се покажале како неосновани. Израелските одбранбени индустрии го надминале техничкиот предизвик, а развојот на системот бил завршен пред предвидениот рок.
Еден пресретнувач од системот има 90% веројатност да уништи целна ракета на најголема можна височина. Во случај на неуспех, може да се лансираат уште два пресретнувачи кон истата цел во кратки временски интервали. Доколку првиот од нив ја уништи целта, вториот може да се насочи кон друга цел. Со користење на оваа техника се обезбедени три можности за пресретнување кои ја зголемуваат веројатноста за пресретнување од 90 на 99,9 %. Системот се смета за една од најнапредните програми за ракетна одбрана,  затоа што тоа е првиот оперативен систем за противракетна одбрана е специјално дизајниран и изграден за пресретнување и уништување на балистички ракети.
Првата батерија „Arrow“ била прогласена за целосно оперативна во октомври 2000 г., а била управувана од Командата на воздушната одбрана на израелските воздухопловни сили. На 31.10.2023, израелската војска соопшти дека за првпат после избувнувањето на војната со Хамас на 7 октомври, го користи системот за воздушна одбрана „Arrow“ при пресретнување на ракета „земја-земја“ во Црвеното Море, истрелана кон нејзина територија.
Првото лансирање на пресретнувачот „Arrow“ се случило на 9 август 1990 година, со цел да ги тестира системите за контрола и наведување на ракетата. Тестот запрел неколку секунди по полетувањето, а проектилот бил намерно уништен поради стравувањето дека може да излезе од контрола и да удри на населено место. Ова било предизвикано од неуспехот на радарите за следење на земјата и траекторијата на следење на ракетата.
После изградбата и понатамошното успешно тестирање на технолошкиот демонстратор „Arrow 1“, производството и распоредувањето започнало со верзијата на проектилот „Arrow 2“.
На 29.11.1998, израелската воздушна индустрија на Министерство за одбрана го испорачала првиот оперативен пресретнувач „Arrow 2“, како единствен вооружен и одбранбен систем од ваков вид, наменет за противбалистички ракети. Во текот на 2001 г., системот „Arrow“ успешно ја пресретнал својата цел на околу 100 км од брегот, што е највисоко и најдалечно тестирање на „Arrow 2“. Системот може да ги пресретне своите цели над стратосферата, кои се доволно високи за да не се распрсне нуклеарното, хемиското или биолошкото оружје над Израел. Намерата на програмерите била ова уништување да се изврши подалеку од населените локации.
Врховниот дел за вселенски летови од ракетната одбрана на Израел, познат како „Arrow 3“, бил прогласен за оперативен на 18 јануари 2017 година. Овој систем функционира со поголеми брзини, со поголем дострел и на поголема надморска височина од „Arrow 2“, пресретнувајќи балистички проектили за време на вселенскиот лет од нивната траекторија. Според претседателот на Израелската вселенска агенција, „Arrow 3“ може да послужи како антисателитско оружје, така што Израел ќе биде една од ретките земји во светот кои се способни да соборуваат сателити.
Израелското Министерство за одбрана и развивачите на индустријата започнале рано да работат на тоа, што би можело да еволуира во „Arrow 4“, нов систем за пресретнување на проектили за одбрана од многу пософистицирани идни закани. Напорите за спротивставување на хиперсонични закани станале итни после објавата на Иран на ноември 2022 година дека, тестирал хиперсонична ракета, иако нејзината автентичност е спорна. Ваквиот проектил, лансиран од Иран, би можел да го погоди Израел за само четири минути.

Драган Павловски





# „Бредли“ – оклопно борбено возило на гасеници

Борбеното возило „Бредли“ е достапно во две верзии, вклучувајќи ги и борбеното возило за пешадија „М2“ и „cavalry“ борбеното возило „М3“. Возилото е во служба во армиите на САД и на Саудиска Арабија. Од 1981 се произведени и испорачани вкупно 6.720 возила од двата типа. Надградениот модел кој моментално се произведува, Бредли „А4“, е изграден со цел издржливост и конзистентност и за да се намалат логистичките предизвици. Подобрени се перформансите на бојното поле за да одговори на различните барања за мисии, без разлика дали се во блиска борба, борба во урбана средина или сценарио на отворена борба. Во септември 2024 г., армијата на САД и „BAE Systems“ го финализираа договорот вреден 440 милиони долари за производство на повеќе борбени возила „Бредли“. Договорот опфаќа производство на повеќе од 200 возила од варијантата „А4“, кои ќе бидат доставени до Армијата на САД како модернизирана замена за некои од возилата „Бредли“, испорачани на Украина од САД. Борбеното возило „Бредли“ е со

Оклопното борбено возило „Бредли“ е произведено од страна на компанијата „BAE Systems Land & Armaments“ (поранешна „United Defence“), подружница на „BAE Systems“

должина од 6,55 м, широко 3,61 м и има висина од 2,56 м.Улогата на пешадиското борбено возило „М2“ е да ја транспортира пешадија на бојното поле, да обезбеди огнено покривање на војниците кои ги транспортира откако ќе ги истовари и да ги потиснува непријателските тенкови и борбени возила. Борбеното возило М2 има тричлен екипаж – командир, нишанџија и возач, како и капацитет за транспорт на уште шест целосно опремени војници, додека варијантата „М3“ извршува извиднички мисии и носи тричлен екипаж и уште двајца извидници. И двете варијанти на возилото „Бредли“ се амфибиски. Претходните модели се опремени со водена бариера која екипажот ја поставува непосредно пред борбеното возило да влезе во вода.Моделите „А3“ имаат понтон на надувување кој се прицврстува на предниот дел на возилото и странично. Возилото е опремено со мотор VTA-903T, произведен од страна на компанијата „Cummins Engine Co“ од Колумбус, Индијана. Хидромеханичкиот менувач HMPT-500 од компанијата „Combat Propulsion Systems“, дивизија на комуникации L-3, обезбедува опсег со три брзини. Моторите обезбедуваат максимална брзина од 66 км/ч. Воден погон е обезбеден од гасениците, а „Бредли“ може да достигне максимална брзина од 7,2 км/ч во вода. Борбеното возило „Бредли“ има автономоја на опсег од 483 км. Според договорот од јануари 2008, компанијата „BAE Systems“ испорача 952 комплети за урбан опстанок на возилата „Бредли“ (BUSK- Bradley urban survivability kits). Комплетот BUSK вклучува високомоќен, рачно насочен рефлектор, заштита на нишанот за надворешната оптика на куполата  и лесна неспроводлива структура, т.н. купола-шатор за заштита на куполата и екипажот од нисковисечки електрични водови. Лесното автоматско

оружје на командирот, лесен митралез од 5,56 мм интегриран со системот за контрола на оган „А3“, испукан од внатрешноста на оклопот, сè уште е во развој за комплетот BUSK. Поставен е и дополнителен оклоп за да се спротивстави на ефектите од мините и импровизирани експлозивни направи (IED). Истражувачката корпорација „Сиракуза“ испорача системи за електронско војување CREW-2 за 1691 возило „Бредли. Системот CREW-2 е дизајниран да попречува далечински контролирани IED, притоа спречувајќи активирање на бомби поставени покрај патот.Според договорите ,склучени во октомври 2008 година, BUSK вклучуваше и системи за откривање/потиснување на пожар, како и напредни седишта за преживување на персоналот во возилото. Во јуни 2004, „DRS Technologies“ доби договор за обезбедување системи, вклучително и робусни апликативни компјутери за тенковите „M2A3 Бредли“ и „M1A2 Абрамс“, како дел од програмата за силите на Армијата на САД, XXI борбена команда, бригада и надолу (FBCB2). FBCB2 е дигитален борбен команден информациски систем, кој обезбедува подобрена интероперабилност и свесност за ситуацијата од бригадата до поединечните војници. Ќе се користи заедно со тактичкиот интернет. Нишанџијата е опремен со интегрирана нишанска единица „Raytheon“, која вклучува дневна/термичка глетка со зголемување ×4 и ×12. Оптичкиот релеј му обезбедува на командирот поглед на нишанџијата. Нишанџијата има и перископи за напредно и странично набљудување. Како резерва на примарниот нишан е обезбеден дневен систем за нишанење за нишанџијата или командирот. Возачот е опремен со три перископи напред и еден перископ лево. Централниот перископ може да се замени со ноќниот набљудувач на возачот, обезбеден од компанијата „Northrop Grumman“ (поранешен Litton) AN/VVS-2, кој располага со засилувач на слика од втората генерација од 25 мм. Надградените  возила „М2 Бредли“се опремени со подобрување на видот на возачот од „DRS Technologies“. Главното вооружување е топ 25 мм „M242 Bushmaster chain gun“ од ATK Ammunition Systems  (поранешен Boeing Ordnance). Топот M242 располага со единечна цевка со интегриран механизам за двојно полнење и можност за далечинска селекција за избор на видот на полнењето. Нишанџијата може да избере режими за единечни или повеќекратни истрели. Стандардната



брзина на стрелање е 200 куршуми во минута, но брзината на топот може опционално да се претвори во 500 куршуми во минута. Еден спрегнат митралез M240C 7,62 мм е монтиран десно од топот Bushmaster. M2 Бредли е опремен со противтенковски ракетен систем Raytheon TOW BGM-71. Лансерот TOW со двојна цевка е поставен на левата страна од куполата. Целта се следи со помош на оптички нишан, кој го детектира инфрацрвениот сигнал од задниот дел на проектилот во лет. Командната врска со двојна жица помеѓу проектилот и стрелецот се ослободува од двата калеми на задниот дел на проектилот. Лансерот испраќа податоци за корекција на летот до системот за наведување на проектилот преку командната врска. Дострелот на ракетата TOW е 3,75 километри. Возилото „Бредли“ е опремено со два испуштачи (банки) на димни гранати „M257“, секој составен од четири фрлачи на димни гранати. Тој е опремен и со систем за генерирање чад од моторот. Трупот на „М2 Бредли“ е конструиран од заварен алуминиум и распореден ламинат-оклоп. Покрај тоа, „M2A2/M3A2 Bradley“ се опремени со апликативен челичен оклоп и имаат опрема за надградба со дополнителен пасивен оклоп или со експлозивен реактивен оклоп (ERA).
Компанијата „General Dynamics Armament and Technical Products“ разви пакет со реактивен оклоп со зголемена способност за „Бредли“. „Rafael Armament Development Authority, Ordnance Systems“, од Хаифа, Израел, е одговорна за 50% од производството. ERA се состои од 96 плочки, фиксирани на страните, на куполата и на предниот дел на возилото, зајакнувајќи ја заштитата од разновидна противоклопна муниција, вклучително и лансирани ракетни погонски гранати испукани од оператор.
Компанијата „BAE Systems“ е одговорна за инсталирање на таканаречениот мински оклоп, кој на возилата „Бредли M2/M3“ им нуди противминска заштита од мини и IED. Возилата се опремени со седишта кои апсорбираат енергија, ласерска ознака и други системи за опстанок. Програмата за надградба на „A3 Бредли“ на Армијата на САД вклучува подобрувања врз основа на оперативните искуства од учествата на возилата во операциите ширум светот. Од 2000  па досега се извршени серија надградби и подобрувања на овие возила. Надградбата го вклучи и подобрениот систем за аквизиција на цели за ракетата TOW од „DRS Technologies“ и независниот командирски термички набљудувач од „Raytheon“. И двата системи користат термални снимки од втората генерација, добиени од хоризонталната технолошка иницијатива на Армијата на САД. Во октомври 2022 г. „BAE Systems“ доби петгодишен договор од 383 милиони американски долари од Армијата на САД за извршување услуги за техничка поддршка и одржување на нејзината флота од борбени возила „Бредли“ и носачи на повеќекратни ракетни системи за лансирање „M993“. Компанијата соработува со Армијата на САД за да го надгради „Бредли“ до стандардот „A4“. Ги содржи сите подобрувања на варијантата „A4“, заедно со системот за активна заштита, подобрен нишан за нишанџијата и поефикасен систем за климатизација. И покрај тоа што воведувањето во оперативна употреба е на почетокот на 1980-тите години, постојаните надградби и подобрувања обезбедија возилата „Бредли“ да бидат едни од најконкурентните и најупотребуваните борбени возила на гасеници од страна на Армијата на САД.

Идриз Идризоски



# Ноќниот ловец „Nakajima J1N“

Јапонија влезе во Втората светска војна на 8 декември 1941 година (по јапонско време), кога нејзината морнарица и армија ги нападнаа Перл Харбор и Ката Бару на Малајскиот Полуостров, со што започна војната на Пацификот. Во тоа време Јапонија, веќе беше во целосна војна со Кина повеќе од четири години

Војната со сојузничките нации, вклучувајќи ги САД и Велика Британија, ја принуди Јапонија дополнително да мобилизира стратешки индустриски ресурси. Јапонската влада се обиде да се справи со овој предизвик преку зајакнување на економските контроли и реорганизација на економскиот систем. Еден од нејзините врвни приоритети беше да го зголеми производството на авиони, кои се сметаа за критично оружје после нападот на Перл Харбор и поморската битка кај Малаја. Задачата за зголемување на производството на авиони биламошне добро завршена. Јапонската воздухопловна индустрија, која работела во многу мал обем пред Втората светска војна, станала огромна индустрија, вработувајќи 1,5 милиони работници до крајот на војната. Месечното производство на воздухоплови, кое изнесувало 306, во јануари 1939 година се зголемило на 2541 воздухоплов во мај 1944 година. За време на Втората светска војна јапонската воена економија доживеа вистинско чудо во вооружувањето, или „производствено чудо“.
Познато е дека во Втората светска војна, јапонската воздухопловна индустрија пркосела со одличниот воздухоплов „А6М Зеро“, кој набргу ги импресионирал сите непријатели на Јапонската Империја. Но, непосредно пред неговото претставување во воздушните битки против американските пилоти, воздухопловство на Јаопнската Империја, исто така, било составено од одлични авиони. Еден од тие авиони бил и одличниот ноќен ловец, познат како тежок ловец „Накаџима Џ1Н“.

**Дизајн**

„Накаџима Џ1Н“ бил воздухоплов придвижуван од два мотори кои активно служел во редовите на морнарицата на Јапонската Империја. Авионот бил именуван како „Геко“, што во превод значи „месечева светлина“. Прототипот на овој несомнено одличен воздухоплов, го забележал својот прв лет во месец мај, 1941 година. По успешните пробни тестови, авионот набргу влегол во сериско приводство.
Во рамките на првите примероци од сериското производство, дизајнерскиот тим на „Накаџима“, ја извел варијантата „Накаџима Џ1Н1“, која всушност била од извидувачки

карактер. Како таква, извидувачката варијанта на авионот била основна рамка врз која воздухопловот бил модифициран во различни варијанти, меѓу кои и варијантата на ноќен ловец, позната како „Џ1Н1-С“. Пред случките по нападот на Перл Харбор, воздухопловството на јапонската морнарица активно го употребувала воздухопловот „Џ1Н1“ како придружник на јапонските бомбардери кои немилосрдно изведувале борбени операции врз кинеските градови и села. Во оваа улога, тој се покажал мошне ефикасно. Иако авионот имал застарен дизајн кон крајот на Втората светска војна, тој бил, исто така, употребуван и во борбени операции, вклучувајќи камиказе-тактики. Неговиот дизајн, кој се карактеризирал со ригдна конструкција со одлична моќ, овозможувана од двата мотори, го направил овој воздухоплов неуништлив за противавионската артилерија на морнарицата на САД. Дизајнот на авионот датира уште од далечната 1938 година, по специјалното барање од страна на јапонската морнарица. Имено, во средината на 1938 година, јапонската морнарица издала тендер со барање за двомоторен ловец, дизајниран да го придружува главниот бомбардер што се користел во тоа време,, „Мицубуши Г3М“. Тогашниот стандарден оперативен ловец во рамките на воздухопловството на јапонската морнарица и јапонската армија бил авионот „Мицубиши А5М“, исто така познат како „Клод“. Но, големите пространства, на кои се лоцирале целите во Кина, која во тоа време била главниот непријател на Јапонија, биле недостижни за малиот ловец „Мицубиши А5М“. Неговиот оперативниот досег бил само 1200 километри, што е неспоредливо со 4400 километри на бомбардерот „Мицубиши“ Г3М“. Тоа значело дека голем број од бомбардерите при изведување на борбени операции, длабоко над непријателската територија, често останувале сами и незаштитени од кинеските ловци кои изведувале активни борбени патроли. Незаштитени од сопствената придружба од ловци, јапонските бомбардери биле лесна цел за кинеските пилоти. Згора на тоа, во тоа време, одличниот ловец „А6М Зеро“ сè уште бил во развој. Тоа значело дека имало потреба од ловец за придружба кој ќе биде способен за изведување на борбени придружбени операции на долг дострел. Јапонските воени воздухопловни експерти се послужиле со германската идеја за концептот на ловец-придружник, односно со потегот на германското „Луфтвафе“, произведувајќи го одличниот „Месаршнит Бф-110“. Имено, дизајнот, односно почетоците на практичната работа за воздухопловот, датираат уште од март 1939 година. Воздухопловните компании „Мицубиши“ и „Накаџима“ започале проект именуван како „13-Ши“. Всушност, проектот бил основата за изградба на воздухопловот „Накаџима Џ1Н“. Прототипот бил дизајниран со два „ѕвезда“ мотори „Накаџима Сакае 21/22“, составени од 14 цилиндри, способни да развијат по 1130 коњски сили. Било предвидено воздухопловот да смести трочлена посада и имал кофигурација на вооружување составена од топови „тип 99“ со калибар од 20 милиметри и шест митралези со калибар од 7.7 милиметри тип „97“. Четири од овие митралези биле монтирани во две индивидуално и независно напојувани куполи, лоцирани во задниот дел, односно непосредно зад пилотската кабина на аивонот. Ваквиот систем на поставеност на вооружувањето, посебно бил наменет за зголемена способност за самоодбрана. Но тежината предизвикана од густата конфигурација на наоружување ги намалила перформанисте и летачките карактеристики на авионот значително. Па, така, натамошната модификација придонела авионот „Накаџима Џ1Н“ да се развие

















| Главни карактеристики на „Nakajima J1N1-S“ | |
|---|---|
| **Посада** | 2 |
| **Должина** | 12,77 метри |
| **Распон на крилата** | 16,98 метри |
| **Висина** | 4,56 метри |
| **Мотор** | Два „ѕвезда“ мотори „Nakajima NK1F Sakae 21“ со 14 цилиндри, воздушно ладени и способни да развијат по 1130 коњски сили. |
| **Максимална брзина** | 507 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 3780 километри |
| **Вооружување** | Четири топови „Тупе 99“ со калибар од 20 милиметри, два насочени нагоре, под агол од 30 степени, и два насочени надоле, под агол од 30 степени. |

во варијантата „Џ1Н1-С“, исто така познат и како морнарички воздухоплов „тип 2“. Оваа варијанта била полесна во севкупната тежина, што значително ги подобрило летачките карактеристики. Покрај оваа варијанта, авионот бил развиен и модифициран со вградување на една сферична купола во која бил сместен еден топ „99“, модел „1“ со калибар од 20 милиметри. Сите овие модификации придонеле кон етикетата на одличен тежок ловец, способен за теренско адаптирање за неколку намени, меѓу кои и да биде ноќен ловец. Имено, на почетокот на 1943 година, јапонскиот командант Јасуна Козоно, своеволно решил да инсталира топови со калибар од 20 милиметри, лоцирани во централната воздухопловна констуркција на авионот, насочени нагоре, под агол од 30 степени. Оваа идеја била против ставот на централната воздухопловна команда. Сепак, Јасуна Козоно ги следел своите инстинкти, и покрај тоа што се соочувал со сериозно обвинување и казна за непочитување наредба. Па, така, на 21 мај 1943 година, модифицираниот воздухоплов „Накаџима Џ1Н1-С“, управуван од Јасуна Козоно, во улогата на ноќен ловец соборил два бомбардери „Б-17“ на воздухопловството на САД кое ги напаѓало воздухопловните бази на јапонската империја во Рабул. После овој успех, воздухопловството на јапонската морнарица веднаш започнало да изведува нарачки од модифицираниот ловец „Накаџима Џ1Н1-С“. Модифицираната варијанта била за посада од два члена, отстранувајќи ја третата позиција, односно, навигаторот. Натамошните модификации и употребата на оваа варијанта на ноќниот ловец, довело до инкорпорирање и вградување на уште еден пар топови тип „99“, модел „1“, со калибар од 20 милиметри но, овојпат, лоцирани во предниот дел на воздухопловот, исто насочени под агол од 30 степни надолу. Ваквата конфигурација овозможувала напади на американските тешки бомбардери како „Б-24“ и „Б-17“, одозгора и одоздола. Некои вешти пилоти на воздухопловството на јапонската морнарица забележале ефективни победил против одличниот современ американски бомбардер „Б-29“. Јапонскиот поручник Сачио Ендо соборил осум бомбардер „Б-29“ и оштетил уште дополнителни осум бомбардери. Во рацете на искусни и вешти пилоти, „Накаџима Џ1Н“ бил пред своето време. Иако имал застарена технологија, тој бил опасен противник за голем број развиени западни сојузници.

Димитар Даневски



# Воздухопловни новости од Кина

На 15-тиот кинески Меѓународен воздухопловен саем во Жухаи, одржан во месец ноември, Корпорацијата за воздухопловна индустрија на Кина (Aviation Industry Corporation of China- AVIC), за првпат презентираше нов концепт на авион, потенцијален ловец од 6-тата генерација на воздухопловните сили на Народноослободителната армија, наречен „White Emperor Type B“ („Белиот цар“, модел „Б“). Леталото е проектирано како ловец-бомбардер и е направено темелно подобрување на авиониката, на дизајнот на кокпитот со целосен стаклен кокпит и рационализирање на процесите за одржување, што значително ја подобрува подготвеноста за распоредување и оперативна ефективност. Новото летало плени со својот авангарден научно-фантастичен изглед. Поклопецот на пилотската кабина е со темен повеќеслоен дизајн, најверојатно конструиран за да ги намали рефлектирачките зраци. Воедно, направени се значителни модификации на конструкцијата од леталото, со фокус на задниот дел и на конфигурацијата на крилата, најверојатно наменети за да се зголеми капацитетот на внатрешното поле за сместување на оружје и полесно носење на поголеми и потешки оружја „воздух-земја“. Овие измени придонесуваат за целосно подобрување на стелт-способностите, а она што е карактеристично за ова летало се и дводимензионалните насочувачки млазници на млазните мотори кои придонесуваат за зголемување на маневарските можности за летање. Засега во јавноста не се презентирани можните димензии на леталото и планираните летечки карактеристики. На саемот во Кина беше прикажан и концептот на нов модел од хиперсонично летало „GARA GDF-600“, кое сè уште е во развој и тестирање, а кое треба да биде способно не само да ги надмине границите на конвенционалната брзина, туку и да лансира сопствено оружје во лет. Ова летало ги демонстрира амбициите на Кина да создаде автономен воздушен комплекс способен да изведува удари со ултра голема брзина и точност, кое ќе биде опремено со сопствена класа на проектили. Ова суштински ги менува можностите на стратешката и одбранбена авијација, бидејќи хиперсоничното летало може да помине долги растојанија за минимално време и директно да извршува борбени мисии. Според најавеното, главните технички карактеристики на GDF-600 треба да бидат следниве: максимална тежина на лансирање од 5000 kg, од кои 1200 kg е корисна носивост. Ова му овозможува на леталото да носи касетни субмуниции, односно помали проектили кои ќе бидат способни да изведуваат масивни прецизни напади по точкасти цели на непријателска територија. Со брзина до 7 маха (приближно 8.500 km/h), „GDF-600“ може да помине растојание од 200 до 600 km, притоа достигнувајќи максимална височина на лет од 40 километри.



Ивица Дамески



# Значењето на квалитетниот сон кај војниците

Спиењето е неопходен и исклучително важен процес за здравјето и квалитетот на животот. Со доволно сон војниците се чувствуваат свежо, здраво и одморено. Здравствените придобивки од спиењето се добро утврдени, но војниците кои страдаат од хроничен недостаток на ефикасно спиење се изложени на поголем ризик од проблеми со менталното здравје, дебелината, повисоки стапки на смртност и намален ментален и физички капацитет.

Голем број војници во многу армии страдаат од хроничен недостаток на сон, односно спијат помалку од седум часа. Повеќето армии негуваат култура каде што спиењето се смета за привилегија, а не како право. Рутините за физичка подготвеност, должностите на персоналот и обуката го намалуваат одморот којшто им е потребен на војниците. Затоа армиите, покрај обуката и исхраната, сè повеќе посветуваат внимание и на спиењето. Зошто спиењето е важно? На телото му треба конкретно третата фаза (длабок сон) и таканаречената РЕМ-фаза (Rapid eye movement), за да се промовира менталното и физичкото закрепнување. За време на спиењето, телото поминува низ три фази на спиење и РЕМ-фаза во циклуси, при што секој циклус трае околу 90 до 120 минути. На возрасните им требаат во просек од четири до шест циклуси на спиење, со околу деведесет минути од третата фаза и два часа од РЕМ-фазата сон во текот на ноќта. За време на третата фаза мозокот ослободува анаболни хормони кои помагаат да се обноват мускулите и коските и да се подобри функцијата на имунолошкиот систем. Дополнително, мозокот ги проценува, ги консолидира и ги складира спомените. Ова „симнување“ на информации му овозможува на мозокот да се исчисти од податоците како подготовка за следниот ден. Луѓето кои не можат доволно длабоко да спијат, честопати имаат пониска когнитивна функција и проблеми со сеќавањето. За време на РЕМ, активноста на мозокот е слична на онаа кога личноста е будна. За разлика од другите фази, пулсот варира и очите брзо се движат (оттука произлегува и името REM – Rapid eye movement, односно „брзо движење на очите“). Важен аспект на РЕМ-спиењето е емоционалната обработка, за да се изгради емоционална отпорност. Делот од мозокот кој ги регулира емоциите обично се активира за време на сонот. Учењето се случува и за време на РЕМ-фазата. Важните информации за време на длабок сон, влијаат на меморијата за време на РЕМ-фазата. Како и недостатокот на длабок сон, така и недостатокот на РЕМ-сон може да резултира со тешкотии во обработката на емоциите и со слаба меморија.

Спиењето има основна врска со когнитивното и емоционалното здравје, како и со развојот на мозокот. Секој ден мозокот управува со виталните телесни процеси, реагира на стимулации се занимава со когнитивни задачи. После еден напорен ден, на војникот

може да му биде тешко ментално да се вклучи во единицата, да запомни важни информации и да ги регулирате емоциите. Овој ефект се зголемува колку помалку спие човекот. Дефицитот на сон е состојба која се јавува кога некое лице не успева да отспие соодветен број часови неколку дена по ред. Како што се зголемува дефицитот на сон, така се зголемува и ризикот по здравјето и губењето на когнитивните функции. Постои причинско-последична врска помеѓу недостатокот на сон и проблемите со менталното здравје. Оние кои спијат помалку од пет часа навечер имааат три пати поголеми шанси за дијагностицирање на посттрауматско стресно нарушување (ПТСН) и за поголемо депресивно растројство. Ростои и поврзаност помеѓу квалитетот на спиењето со психолошката вознемиреност. Студиите покажуваат дека лошиот сон придонесува кон поголем психолошки стрес. Со намалувањето на менталната отпорност и зголемувањето на психолошката вознемиреност поради лошиот квалитет на спиењето, се зголемуваат и шансите за самоубиство. Дијагнозата на несоница кај активниот армиски персонал постојано се зголемува. На ова треба многу да се внимава, бидејќи несоницата е поврзана со анксиозност, депресија, ПТСН, хронична болка, злоупотреба на алкохол, па дури и со самоубиство. Едноставно кажано, несреќите кај војниците се зголемуваат како што се намалува бројот на часови поминати во спиење секоја вечер. Армиите сè повеќе се борат против стигмата против спиењето, со цел да се справат со менталното здравје на војниците. Соодветниот сон е од суштинско значење и за оптималните физички перформанси, а недоволното спиење може да ги наруши атлетските перформанси и да го зголеми ризикот од повреди. Спротивно на тоа, продолжувањето на спиењето може значително да ги подобри физичките перформанси. Непотребното кратење на спиењето и прекумерната употреба на кофеин можат негативно да влијаат на физичките перформанси и општото здравје на војникот. Бројни студии покажале дека продолжувањето на спиењето може значително да го подобри закрепнувањето на мускулите и да го намали ризикот од повреди. Хроничниот недостаток на сон доведува до намалена мускулна сила, нарушена координација и зголемен замор. Покрај тоа, лишувањето од сон може да ја наруши когнитивната функција, што доведува до намалена концентрација, нарушено донесување одлуки и зголемено однесување за преземање ризик. Преголемото потпирање на кофеинот може негативно да влијае на здравјето и физичките перформанси. Кофеинот е стимуланс кој може да го попречи сонот и да доведе до нарушување на сонот, главно ако се консумира доцна во денот. Хроничната употреба на кофеин може да доведе до физичка зависност и до замор, раздразливост и тешкотии во концентрацијата. Сонот е од суштинско значење за целокупното здравје. Армијата треба да им се овозможи на војниците да добијат доволно за соодветен дневен сон, наместо да ги принудуваат редовно да се потпираат на кофеин за да ги подобрат когнитивните и физичките перформанси.

Недостатокот од соодветен сон може значително да придонесе за проблемите со дебелината и прекумерната тежина на војниците, дури повеќе од недостатокот на вежбање. Еден од примарните механизми со кои спиењето влијае на тежината е неговото влијание врз хормоните кои го регулираат апетитот. Кога постои недостаток од доволно спиење, телото произведува повисоко ниво на грелин, хормон кој го стимулира апетитот и пониско ниво на лептин, хормон кој го потиснува апетитот. Овој хормонален дисбаланс може да доведе до зголемен глад и желба за калорична храна. Овој ефект може да биде полош за војниците поради културата која се потпира на енергетски пијалоци исполнети со шеќер. Спротивно на тоа, продолжувањето на спиењето може да ја намали енергијата за повеќе од 250 kcal дневно кај поединци со прекумерна тежина, додека нема значително влијание врз вкупната дневна потрошувачка на енергија, што резултира со нето-негативен енергетски биланс. Конечно, овие наоди покажуваат дека кај војниците кои хронично се ненаспани и имаат недостаток на квалитетен сон од осум часа, ова може да резултира со губење на тежината за повеќе од осум килограми за една година. Спиењето игра улога и во метаболизмот. Недостатокот од сон ја намалува способноста на телото правилно да ја метаболизира гликозата, што може да доведе до зголемена отпорност на инсулин и до зголемување на телесната тежина. Соодветниот сон, исто така, е од суштинско значење за одржување и на мускулната маса, бидејќи за време на спиењето телото произведува човечки хормон за раст, кој е неопходен за раст и поправка на мускулите.  Лошиот сон може да доведе до намалена енергија и мотивација, што може да ја намали физичката активност на една личност. Спротивно на тоа, редовната физичка активност може да го подобри квалитетот на сонот, што го прави критичен фактор во врската помеѓу спиењето и тежината. Соодветниот сон може да помогне во регулирањето на апетитот, на метаболизмот и на физичката активност, кои се неопходни за одржување на здрава тежина.



Врз основа на горенаведеното, потребно е  инкорпорирање на обука за спиење во задолжителната обука на војниците. Тие треба да се едуцираат за начините за подобрување на нивниот сон, на пример, одржување на поредовен распоред за спиење и будење, да се избегнува електроника и силни светла пред спиење и да се избегнуваат ефектите на супстанции како што се алкохолот, никотинот и кофеинот, кои влијаат на спиењето. Доколку се воведе правилна рутина за квалитетен сон, лидерите во сите ешалони можат да изградат рутина што овозможува правилна хигиена на спиењето. Спиењето е здравствена потреба, а доволниот број часови за спиење се неопходни за нормално функционирање и за постигнување оптимални резултати кај војниците.

Александар Стојчевски



# „Vaisala Marwin MW32“

Компанијата „Vaisala“ од Финска го развива системот „Vaisala Marwin MW32“. Всушност, тоа е метеоролошки систем кој овозможува да се одредат атмосферските елементи како што се ветрот, притисокот, температурата и влажноста на воздухот од површината каде се мери и во насока кон различните воздушни слоеви според висина. Сите гореспоменати елементи се користат за да се пресметаат метеобалистичките поправки во артилеријата. Во тој контекст на пресметки во артилеријата, истите елементи може да се искористат за да се изработи нумерички модел за да може да се предвидат промените во одреден дел од денот или во одреден временски период. Така изработениот нумерички профил може да се искористи и за потребите на авијацијата, за АБХО и за воената морнарица. Радиосондата на овој систем, RS41-SGM, користи енкрипција, односно соодветна заштита, така што за време на работата и трансмисијата на елементите не ја открива локацијата од каде се пушта/лансира метеоролошки балон. Радиосондата се вклучува само кога балонот ќе достигне одредена висина или ќе се достигне одредено време од лансирањето на балонот кон воздушните слоеви. Податоците се зачувуваат за време на радиотишината, за потоа да бидат префрлени на системот „MW32“. Системот се состои од примопредавател, процесор и антени кои ја следат сондата која е поставена на балонот кој слободно лета кон воздушните слоеви. На самиот систем има интегриран дисплеј и тастатура кои овозможуваат работа и визуелизација на соодветните менија од системот. Странично, на системот, има разновидни конектори кои нудат останати функции и можности. Интегрираниот дисплеј, тастатура и конектори се дизајнирани во согласност со стандардот MIL-STD-1472F. Системот е лесен и едноставен за употреба. Системот е дизајниран да може да се употребува во услови на деградирано опкружување и транспорт. „MW32“ соодветствува со MIL-STD-810G-стандардот во однос на отпорноста на вибрации и потенцијални механички удари при пренесување и транзит. Системот поседува еден LAN-порт, 2 USB-портови и 4 сериски портови. Во однос на употребата на антени, системот овозможува работа и со фиксни и со преносни антени и сетови. Системот ги користи сите метеоролошки пораки според сите релевантни СТАНАГ документи, поврзани со елементите кои ги одредува системот.

Славчо Кузманоски

| ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „VAISALA MW32“ | |
|---|---|
| **Хардвер и софтвер** | |
| **Тип на процесор** | COM Express PC, 1.5 GHz |
| **DRAM** | SO-DIMM, 2 GB |
| **Флеш-диск** | 8 GB |
| **Дисплеј TFT LCD** | 8.4", SVGA |
| **Интегрална конзола** | алфанумеричка тастатура |
| **Оперативен систем** | Windows Embedded standard 2009 |
| **LAN-конекции** | 10/100 Mbps Ethernet |
| **USB** | USB 1.1/USB 2.0 |
| **Типови конектори** | MIL-C-26482, MIL-C-38999, MIL-C-5015 |
| **Класа на заштита** | IP65 |
| **Димензии (должина/ширина/висина)** | 430x380x280 mm |
| **Тежина** | 22 kg |
| **Внатрешна AC единица за напојување** | 90-132/180-254 VAC, 47-63 Hz, 180 W max. |
| **Внатрешна DC единица за напојување** | 18-33 VDC, 144 W max, MIL-STD-1275B<br>DC за надворешен уред:<br>12 V/0,5 A, 28 V/1 A |
| **Батерија** | 2 парчиња, UBI-2590 Li-Ion<br>Време на зачувување на податоците: 240 минути<br>Поддржува: RS41-SGM, RS41-SGP, RS41-SG, RS92-SGP, RS92-AM и RS92-D |
| **Радиосонди** | Поддржува: RS41-SGM, RS41-SGP, RS41-SG, RS92-SGP, RS92-AM и RS92-D |
| **Антени** | CG31-преносна антена (UHF и GPS)<br>CG31-антена за возило (UHF и GPS)<br>RM32 и RM31N, UHF-антени<br>GA31 и GA31N, GPS-антени<br>RB31 UHF-антена за фиксна инсталација<br>„Vaisala“ радиотеодолит RT20A |
| **Далечини на мерење (400 MHz)** | 150 km со преносна антена на возилото и<br>до 350 km со антена која се насочува во одреден правец |
| **Останато** | |
| **Температурен опсег на користење** | -20 до + 50ºC |
| **Опсег на користење во услови на влага** | 0 до 100% RH |
| **Температурен опсег на чување и складирање** | -40 до + 71ºC |
| **Опсег на чување и складирање во услови на влага** | 5 до 95% RH |
| **Антени** | |
| **Температурен опсег на користење** | -45 до + 55ºC |
| **Опсег на користење во услови на влага** | 0 до 100% |
| **Опсег на користење во услови на ветер (брзина)** | 0 до 65 m/s |
| **Температурен опсег на чување и складирање** | -50 до + 71ºC |
| **Опсег на чување и складирање во услови на влага** | 0 до 100% RH |

# „Aselsan 6200“

# Мултифункционален воен полски телефон со напредни карактеристики



Телефонските системи играат клучна улога во современите воени операции, каде што комуникацијата мора да биде брза, сигурна, и издржлива во екстремни услови. Полскиот телефон „Aselsan 6200“, дизајниран за воена и комерцијална употреба, се издвојува со своите издржливи материјали и напредни технички карактеристики, овозможувајќи сигурна комуникација и на најтешки терени. Овој уред се одликува со напредна технологија на материјали, изработен е од цврсти и трајни компоненти кои го штитат уредот од физички оштетувања и влијанија од околината. Неговиот надворешен дизајн е направен да биде отпорен на удари, падови, и вода, усогласувајќи се со строгите воени стандарди MIL-STD 810. Освен што е траен, телефонот „Aselsan 6200“ е лесен и компактен, тежок е само 1,6 килограми, така што е мошне практичен за мобилни и стационарни апликации. Овие димензии, заедно со специјално приспособената слушалка за воен шлем, овозможуваат удобност и функционалност на терен. „Aselsan 6200“ има приспособени звучни и визуелни индикатори за повик, што значително го подобрува квалитетот на комуникацијата во различни ситуации. Корисникот може да ги приспособи светлосните и звучните сигнали, што е особено корисно во полски услови каде што прецизното следење на повиците може да биде од огромно значење.

Безбедноста при реализација на повиците е засилена со вградениот систем за заштита од громови, кој ги штити уредот и корисникот од електрични празнења, особено во отворени и опасни подрачја. Овој аспект на дизајнот придонесува за сигурноста на уредот во различни воени и тактички апликации.

Технички, „Aselsan 6200“ оперира во фреквентен опсег од 300 до 3400 Hz, со импеданса од 600 Ohm при 1 kHz, што овозможува кристално чиста и стабилна комуникација. Опсегот на уредот се протега до 35 км со полски кабел WD1-TT, што му овозможува на корисникот широк спектар на достапност за комуникација во различни услови на работа. Режимите на работа вклучуваат локална батерија (LB), централна батерија (CB) и централна батерија со сигнализација (CBS). Овие модови обезбедуваат флексибилност и можност за користење на телефонот во зависност од локацијата и условите. Во LB-модот, електронскиот генератор на бирање работи на фреквенција од 17-25 Hz, додека CB-модот овозможува пулсно и тонско (DTMF) бирање. Телефонот користи три батерии од типот „D“ или 6V-надворешен извор за напојување, што го прави пригоден за теренски и стационарни апликации. Дополнителните карактеристики на „Aselsan 6200“, исто така се извонредни. Неговата потрошувачка на струја е минимална, со 12mA за време на разговор и само 0,8 A при повик, со што значително се штеди енергија и траењето на батеријата се продолжува. Опсегот на работа при температури се движи од -40°C до +55°C, што го прави идеален за екстремни услови, вклучително и во најстудените и во најтоплите климатски зони. Уредот е отпорен на влага, на вибрации и на други тешки услови и обезбедува сигурна комуникација во секој момент.

Со својот модерен дизајн и приспособливи функционалности, „Aselsan 6200“ претставува врв на комуникациските технологии за воени потреби. Лесен е за користење, сигурен и траен, а овие карактеристики го прават овој телефон извонреден избор за професионалцитеи при различни тешки услови. „Aselsan 6200“ е пример за иновација и издржливост во областа на комуникациите.

м-р Реџеп Мустафовски

| КАРАКТЕРИСТИКИ | ОПИС |
|---|---|
| **Технологија на цврст и траен материјал** | Направен е од издржливи материјали кои го штитат од физички оштетувања |
| **Лесен и компактен** | Тежок 1,6 кг, лесен за носење и за употреба во мобилни и стационарни апликации |
| **Приспособливи индикатори** | Звучни и визуелни индикатори, приспособени според условите на терен |
| **Заштита од громови** | Систем за заштита од електрични празнења, за дополнителна сигурност |
| **Лесен за ракување и одржување** | Едноставен за користење со лесно достапни компоненти за брза поправка |
| **Ниска потрошувачка на енергија** | Ниска потрошувачка и овозможува подолг век на батеријата |
| **Воени стандарди** | Ускладен со MIL-STD 810, отпорен на вода, пад и вибрации |
| **Употреблив со ракавици** | Може да се користи со ракавици за работа во тешки услови |
| **Тастатура за бирање** | Дизајнирана за брзо и лесно бирање броеви |
| **Модови на работа** | Локална батерија (LB), централна батерија (CB), и централна батерија со сигнализација (CBS) |
| **Фреквентен опсег** | Работи на фреквенција од 300 - 3400 Hz, со чист и стабилен звук |
| **Опсег на комуникација** | До 35 км со полски кабел WD1-TT |
| **Напојување** | Три „D“ батерии или надворешен 6V извор |
| **Работна температура** | Функционира во температурен опсег од -40°C до +55°C |
| **Дополнителна издржливост** | Отпорен на влага (DEF 07-55) и вибрации (MIL-STD 810) |
| **Димензии** | 24 x 11 x 13 см, што го прави компактен и лесен за транспорт и употреба |




Фотозбирка: Ѓ. Чачкиров

# Едрилицата „Јастреб“

Стремејќи се кон постигнување на повисоки резултати во воздухопловното едриличарство, во периодот кон крајот на четириесеттите години на минатиот век, трендот на развој бил следен и во некогашната заедничка држава, Кралството Југославија. Но, и покрај тоа, немало услови да бидат реализирани сите направени проекти од тој период. Еден од нив е и четвртиот по ред проект за „напредна“ едрилица под име „Јастреб,“ конструирана од инженерот Иво Шоштариќ

Проектот „Јастреб“ и прототипската везија на споменатата едрилица биле изработени врз основа на распишан конкурс од страна на Централниот југословенски кралски аероклуб. Прототипот бил започнат во Љубљана (Словенија), а финално бил завршен во задругата „Утва“, тогаш лоцирана во Земун (Србија), каде што бил вработен инж. Шоштариќ. Сепак, и покрај изработката на прототипската едрилица, започнувањето на Втората светска војна го оневозможила нејзиното сериско производство.
После ослободувањето, во веќе ново формираната Југословенска Федеративна Држава, во текот на 1946 г. бил изработен новиот и подобрен прототип на едрилицата со име „Јастреб“, а подоцна и „Јастреб бис“. Нејзиниот пробен лет го направил самиот конструктор, инж. Шоштариќ. Едрилицата „Јастреб“ била висококрилна школска едрилица со едно седиште, за преодна обука на едриличари после завршена основна обука за врвно едриличарство. Била изградена од избран дрвен материјал и импрегнирана ткаенина, со клучни носечки и командни елементи од метал. Уредот за полетување и слетување го претставувала фиксирана дрвена скија со гумени амортизери, поставени меѓу трупот и скијата. Локацијата била под пилотската кабина, каде што било вградено и невовлекувачко, фиксирано тркало.

После испитувањето на прототипот на оваа едрилица било започнато и пробното сериско производство, но и нејзино понатамошно модифицирање и подобрување. Првите модификации биле направени на почетокот на 1947 г., а истата година едрилицата учествувала и на Југословенскиот едриличарски слет во Церкље (Брежице) – Словенија. Во оваа пригода имал можност да ја испроба едрилицата и македонскиот едриличар Славко Димитровски. Првите две серии од по дваесет едрилици од овој тип биле изработени во текот на 1948 г. во фабриката „Утва“, која сега е во Панчево. Во текот на 1954 г. е направена финална модификација, крилата биле дополнително прицврстени на трупот, со додавање на коси дрвени потпори. Покрај тоа, крилната конструкција била дополнета и со воздушни сопирачки. Со тоа е овозможена контролата на брзината при слетувањето, како и управливоста при некои акробации. Исто така била направена модификација на ножните команди за управување, со што била создадена адаптибилна можност за нивно доближување или оддалечување. Со таквите зафати била значително подобрена и ергономијата на самата пилотска кабина. Вака модифицираната едрилица добила и ново име со додаден суфикс "Jastreb 54", според годината на модифицирање, односно конструктивните промени. Сериското производство на оваа едрилица било реализирано истата година во фабриката „Летов“ во Љубљана, Словенија.
Трупот на едрилицата бил со дрвена конструкција, оформен со шест аголни рамки (ребра), коишто меѓусебно биле поврзани со дрвени надолжни летви. Ваквиот скелет бил финално облепен со дрвена лепенка (авиошпер). На предниот дел од трупот бил обликуван просторот за пилотската кабина со

поклопец од плексиглас. Во внатрешноста на кабината биле вградени основни пилотски инструменти и пилотско седиште со соодветен простор за грбен пилотски падобран. На предниот долен дел од трупот била поставена скијата, а веднаш зад неа и не вовлекувачко тркало. На задниот долен дел на трупот бил прицврстен заоблен еластичен метален лизгач.Скелетот на крилата бил со дрвена градба од ребра со две централни носечки раменици, затворено поврзани со нападниот раб со авио-шпер, како и излезен раб од полно дрво. Целиот „скелет“, заедно со управувачките крилца бил финално облепен со импрегнирана ткаенина. Формата на крилото во средишниот дел била правоаголна, а кон завршетоците преминувала во трапезна, со заоблени завршетоци. За аеропрофил на крилото е применет типот „ Gö 549/ CAGI 731“.
Во сите досегашни стории често се спомнува употребата на импрегнирана ткаенина. Тоа, всушност, е ленена, памучна или друг вид ткаенина – платно, заштитено со посебни бои, лакови или смоли коишто го штитат леталото од влага и топлина, но ја даваат и финалната цврстина и еластичност на соодветниот дел. Хоризонталниот и вертикалниот стабилизатор биле изградени по истиот принцип како и крилото, изработени во два дела, фиксирани и подвижни делови – кормила за правец и кормило за височина.
Основните карактеристики на првата македонска едрилица „Јастреб бис“ биле следните: растојание – распон на крилото 15,10 м и површина 15,50 м², должина на трупот 6,85 м, а височината кај вертикалниот стабилизатор била 1,87 метри. Карактеристичните тежини-маси на едрилицата биле: сопствена, односно празна едрилица: 167 кг носивост (пилот плус падобран) 90 кг и максимална дозволена тежина на полетување 257 килограми. Дијапазонот на летачките брзини бил: максимална дозволена брзина за летање 210 км/час, минимална брзина при летање 49 км/час, а брзината при влечење со авион била 128 км/час, различна од брзината на влечење со автомакара (автовитло), којашто изнесувала максимум 110 км/час.
Благодарение на добрите летачки карактеристики и можноста за летање во основни акробации, едрилицата „Јастреб“ била користена речиси во сите аероклубови ширум поранешната СФР Југославија. Од македонските аероклубови била користена во Скопје, Куманово и Битола, а биле употребени вкупно пет едрилици и од двата типа. Едрилицата била во употреба до почетокот на седумдесеттите години на минатиот век. Еден примерок од овој тип едрилица, кој сведочи за тоа време, денес е изложен во Техничкиот музеј





Едрилица „Јастреб“
цртеж: Ѓ. Чачкиров

во Загреб ,Хрватска, еден примерок во Воздухопловно техничкиот музеј во Београд, еден примерок виси во хангарот на аеродромот во Брник, а еден примерок е репариран и сè уште е во летачка состојба во Словенија.
Кај нас, едрилицата „Јастреб“пристигнала во поствоениот период. Најмногу се користела во аероклубот во Куманово, како и во останатите македонски аероклубови. Од оваа едрилица се останати само фотографии од групи или поединци, пожолтени страници од летачки книшки и дневници, како и бледи сведоштва на малкутемина живи едриличари од тоа време. Но, пред сè, останаа забелешките и фотографиите во мојот аеродневник, коишто им ги пренесувам на љубителите на воздухопловното едриличарство, но и на оние кои својата летачка кариера ја започнале токму на оваа едрилица, а понатамошната кариера се изградиле во цивилни или во воени професионални пилоти.

Ѓорги Чачкиров




# Унгарски музеј на авијацијата „Рептај“

Воздухопловниот музеј „Рептај“ се наоѓа во централниот дел на Унгарија, во градот Солнок. Самиот музеј е во непосредна близина на хеликоптерската база „Јозеф Кис“ на унгарското Воено воздухопловство. Музејот претставува уникатна изложба на историски воздухоплови од Источна Европа. Овој музеј е многу повеќе од збир на експонати, бидејќи овде може да се доживеат и да се видат многу интересни работи.

Историскиот развој музејот „Рептај“ започнал во далечната 1967 година, како сеопфатна колекција на воздухоплови и средства поврзани со авијацијата на унгарската армија. Во 1973 година прераснува во технолошка музејска изложба на отворен простор. Со текот на времето прераснува во класичен воздухопловен музеј со надворешна поставка и внатрешна затворена колекција. Со последната дислокација на генералниот распоред на Музејот, бројот на посетители на годишно ниво сè повеќе се зголемува . Колекцијата на експонти кои се изложени во Музејот брои над 80 воздухоплови и ПВО-системи,  неколку илјади помали експонати како униформи, мотори, делови од опрема и други експонати. Музејот зазема површина од 60.000 м2 од кои затворениот дел е поставен на 4,500 м2. Временскиот распон на изложените експонати е на над 100 години, започнувајќи од пионерските чекори на унгарското Воено воздухопловството, времето на Првата и на Втората светска војна, потоа периодот на Студената војна, па сè до денес.

Посетата на Музејот започнува со посета на внатрешната поставка која е сместена во двокатна зграда. Влезот ве носи во делот на билетарницата, кафе-барот и продавницата за сувенири, а скалите ве водат на вториот кат од објектот каде што се распоредени кино-салата, симултаторите за летање, салата за конференции, како и мултимедијални монитори кои презентираат дел од историјата на унгарското воздухопловство. Патеката за обиколка продолжува во делот на изложбениот хангар каде што се изложените експонати во приземниот дел, и тоа од птичја перспектива, а воедно може и одблиску да се погледнат експонатите кои се висечки поставени и поврзани за кровот од музејот. Во висечкиот дел се изложени едрилици и ултралесни летала. Скалите водат во долниот дел и веднаш наидувате на два воздухоплови во кои може да се влезе и во кокпитот на истите.



Станува збор за воздухопловите за обука „MIG-21UM“ и „Yakovlev Yak-52“. Од другата страна на патеката за обиколка се поставени три експонати на хеликоптери: „Mil Mi-1M“, „Kamov Ka-26“ и „Mil Mi-2“. Во продолжение на патеката се поставени три карактеристични и ретки воздухоплови: „Messerschmitt Bf 108 Taifun“, „Polikarpov Po-2 Lark“ и „Ilyushin Il-2M-3 "Sturmovik", кој е изваден од езерото Балатон во 2010 година и е исклучително редок примерок во светски рамки. Останатите воздухоплови кои се изложени во внатрешниот дел на музејот се: „Yakovlev Yak-11 "Buzzard"“, Aero-45 "Kócsag" и други воздухоплови, а оваа поставка е надополнета со неколку воздухопловни мотори и тешки митралези, кои се дел од воздухопловите, ракетите, седиштата и така натаму. Потоа следи надворешната поставка, која е поделена на пет сегменти. Откако ќе излезете од внатрешната поставка, ќе наидете на авионот „Mi-24V“, кој е обоен со посебна шема во форма на орел, „L-39 Albatross“ и „MiG-21bis 75A“, со декоративна шема на ајкула. Во следниот сегмент најпрвин е претставен ловецот „MIG 29“, а после него, по кружен редослед се поставени воздухопловите „L-200D Morava“, „L-39ZO Albatross“, „Li-2T Camel“„L-29 Dolphin“ и „AN-2“. Во централниот дел на овој сегмент е поставен уште еден авион „Mi-24V“, а во позадина се поставени два хеликоптери „MI-8“ и еден примерок на „MiG-21“,поставен во отворен капонир со странична заштита, со цел да биде оставен онака каков што бил за време на оперативната употреба. Следен сегмент за разгледување во Музејот е таканаречената МИГ-алеја, која е составена од одлична колекција на 15 воздухоплови од дизајнерското биро „Микојан“, започнувајќи од „MIG 15“, па сè до „MIG 29“. На крајот од оваа патека, од десната страна се поставени два воздухоплови од неисточно потекло од типот „F-104 Starfighter“. Последниот дел од надворешната поставка е посветен на ПВО-ракетните системи и на дополнителната воздухопловна опрема. Во овој дел се изложени: состемот „SZ-75M VOLHOV“, радарот „P-37“, „S-125 NEVA“, локаторите „P-37“, „S-75 DVINA“, „PR14 AM co V-601P“, „PR-11 BM coV-755“ и друга воздухопловна опрема.

За комплетно доживување за време на посетата на Музејот може да се посетат ресторанот и кафе-барот кои, покрај топлите и освежителните напитоци, нуди и лесни оброци. Исто така, вреди да се посети и продавницата за сувенири во која може да се најдат многу сувенири, книги, модели од авиони и други сувенири. Сувенирите кои се нудат во продавницата може да се порачаат и преку интернет. Интересна активност која ја надополнува посетата е патеката со препреки за најмладите која, исто така, е дел од понудата на Музејот. Кино-салата со 4Д-проекција, неколкуте симулатори и тридимензионалното ротирачко тркало, се само дел од останатата понуда. Работното време на музејот е од 10.00 часот до 18.00 часот во летниот период, односно од март до ноември, додека од ноември до март, посетата е од 09.00 до 17.00 часот, а цената на влезниците изнесува 8 евра за возрасните посетители, додека за децата влезот е бесплатен.

Златко Блажески





# Одбележана годишнината од формирањето на 51. дивизија

Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ Берово – Пехчево, во соработка со Единицата на локална самоурава Берово, на 21 октомври ја одбележаа 80-годишнината од формирањето на 51. дивизија на НОВ и ПОМ.
Со формирањето на 51 дивизија и на 50. дивизија на 18 септември, која е формирана кај село Митрашинци, Беровско, се формирал Струмичко-брегалничкиот корпус.
Одбележувањето на овој настан се одржа на истото местото каде што е формирана Дивизијата од 17 до 20 октомври 1944 година, на месноста наречена Широк Дол на планината Плачковица, на 17 км од с. Владимирово, Беровско.
Настанот започна со едноминутно молчење во чест на сите борци кои го дале својот живот за денешна слободна Македонија, а потоа делегации на ИО на ОРОСМ Берово – Пехчево, предводена од претседателот Васе Пиличовски, АРМ-гарнизонот во Штип, ЕЛС – Берово, политички партии, и ЗВИС од с. Владимирово, положија свежо цвеќе на споменикот на 51. дивизија.
По положувањето на свежо цвеќе беше прочитан пригоден реферат за борбениот пат на 51. дивизија.
За учесниците на овој настан беше организиран и скромен заеднички ручек.



# Еднодневна активност со повеќе содржински елементи

На 9 ноември, во согласност со програмата за работа и обука на Организацијата на резервни офицери за 2024 година, во организација на Општинската организациона единица Куманово, се реализираше еднодневна активност со повеќе содржински елементи (комбиниран марш, географска и топографска ориентација, запознавање со културно-историските знаменитости на правецот на маршот итн). Зборното место беше во дворот на црквата „Св. Ѓорѓија“ во селото Старо Нагоричане, каде што учесниците на активноста имаа можност да ја видат црквата и да се запознаат со нејзиното културно-историско значење, како една од најстарите цркви во Македонија. Активноста беше организирана од страна на претседателот на ООЕ на ОРОРСМ Куманово, Благојчо Илиевски. По посетата на црквата се продолжи кон мегаполитската опсерваторија Кокино, при што дел од патот се реализираше со возила, а дел со пешачење.
Значајно е да се напомене дека на Кокино, кое се наоѓа на врвот Татиќев Камен, се реализира и географска и топографска ориентација од страна на пензионираниот наредник Бобан Стојадиновски кој, исто така, заедно со претседателот на ООЕ на ОРОРСМ Куманово, Благојчо Илиевски, учениците ги запозна и со историјата и функцијата на мегаполитската опсерваторија.
По завршувањето на посетата на Кокино беше реализирана третата работна точка – посета на Меморијалниот центар „Пелинце“, посветен на АСНОМ, каде од страна на кустосот, учесниците подетаљно беа информирани за неговата историја и значење.



# Традиционални активности

Во Програмата за работа за 2024 година, во фоксот на вниманието се и традиционалните активности. Поаѓајќи од таквите определби, ООЕ на ОРОРСМ од Делчево и Прилеп одбележаа значајни историски настани.
ООЕ на ОРОРСМ Делчево, достоинствено го одбележа празникот 11 Октомври, вклучувајќи се во свеченоста организирана од Општина Делчево по повод 83-годишнината од Народното востание на македонскиот народ. По тој повод, делегации на: Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од институции, политички партии, здруженија на граѓани, како и претставници на ООЕ на ОРОРСМ Делчево, се поклонија и положија свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот.
ООЕ на ОРОРСМ Прилеп активно се вклучи во одбележувањето и на 3 Ноември, Денот на ослободувањето на градот Прилеп вза време на Втората светска војна. Оваа година се навршија 80 години од ослободувањето на градот Прилеп. Бројни делегации на политички партии, Армијата, Организацијата на борци и почитувачи на делото на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија, меѓу кои и ООЕ на ОРОРСМ Прилеп, положија свежо цвеќе на спомен-обележјата во градот, и тоа на споменицте на Методија Андонов -Ченто и на Кузман Јосифовски-Питу, на Могилата на непобедените и на спомен-обележјето во месноста Песјобрдце.



Тони Мицевски



Вера Ацева била македонски комунист и учесник во НОБ. За народен херој на Југославија е прогласена на 29 ноември 1953 година. Таа е носител на Партизанска споменица 1941



# Народен херој Вера Ацева

## 105 години од раѓањето и 18 години од смртта на Вера Ацева

Вера Ацева-Доста е родена во Ореовец (Прилепско) на 24 ноември 1919 година. Поради лошата материјална состојба, Ацева била принудена да го прекине образованието по завршувањето на втор клас гимназија и да се вработи. Работела во тутунската индустрија. Револуционерните традиции во семејството Ацеви оставиле силен печат во формирањето на личноста на Вера. Таа била во Напредното младинско движење и учествувала во сите акции што ги организирала партијата во Прилеп. На работничкото движење му пристапила на 16-годишна возраст. Станала член на КПЈ на почетокот на 1939 година. Во септември 1940 година, на Покраинската конференција, била избрана за член на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Од септември 1940 до ноември 1941 година била секретар на Месниот комитет во Прилеп. За време на подготовките за вооруженото востание, таа раководела со Воениот комитет во Прилеп. Како резултат на таа дејност дошло до формирањето на Првиот прилепски партизански одред. Акцијата на Првиот прилепски партизански одред на 11 октомври 1941 година на полицискиот участок во Прилеп, е земена како дата за почетокот на вооруженото востание во Македонија. Во ноември 1941 година таа заминала во Скопје и ја презела функцијата член на ПК на КПЈ. Ацева била еден од организаторите на првите прилепски партизански одреди. На почетокот од 1942 година работела во ПК КПЈ во Скопје, а потоа била партиски инструктор во Струмица, во Битола и во Штип. Во август 1943 година станала комесар на Шарскиот партизански одред, а на 11 ноември 1943 година, кога била формирана Првата македонско-косовска бригада, Ацева била избрана за заменик-политички комесар. На таа функција била до јануари 1944 година, а потоа станала политички секретар на Третиот и на Четвртиот обласен комитет на КПМ. Во август 1944 година учествувала на Првото заседание на АСНОМ, на кое била избрана во неговиот Президиум. По ослободувањето, Ацева вршела повеќе раководни функции. Во 1948 година била градоначалник на Скопје На Петтиот конгрес на КПЈ во јули 1948 година била избрана во Централниот комитет на КПЈ. Во март 1949 година, при реконструкцијата на Владата на НРМ била избрана за министер за земјоделство. Во 1951 година била избрана за министер - претседател на Советот за народно здравје и социјални грижи. Била избрана и за член на Извршниот совет, а таа фукција ја извршувала во февруари 1953 година, во декември 1953 г. и во 1958 година. На 27 септември 1960 година била разрешена од должноста претседател на Републичкиот совет за социјална политика и комунални прашања. Потоа била член на Сојузниот извршен совет. Била пратеник во повеќе свикувања на Собранието на НРМ и на СФРЈ. Во 1960 година Ацева дошла во судир со тогашниот секретар на Сојузот на комунистите на Македонија, Лазар Колишевски, којшто ја обвинил дека заедно со Видое Смилевски-Бато ги донесува одлуките надвор од Извршниот комитет на СКМ. На седницата од 18 октомври 1960 во Белград дошол Александар Ранковиќ, кој застанал на страната на Колишевски. Тогаш, Вера Ацева била принудена да се повлече и била преместена на работа во Белград. Вера Ацева починала во Скопје на 10 ноември 2006 година.

Името на Вера Ацева е запишано со златни букви во македонската историја и претставува светол патоказ и за сегашните и за идните генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Решавање на проблемите со загадениот воздух

Решавањето на проблемите со загадениот воздух е врвен приоритет во современите урбани и рурални средини. Секако, најважно е да се изработи соодветна методологија за да се реши проблемот со загадениот воздух и да се создаде чиста средина во која човекот ќе живее и ќе твори

За да живееме во здрава и чиста животна средина, важна е контролата на емисиите на цврсти честички во воздухот. Големите индустриски капацитети треба да функционираат во согласност со европските стандарди за животна средина и да плаќаат еколошка такса според количината на емитувани цврсти честички и други штетни компоненти. Овие капацитети и енергетските комбинати треба задолжително да воведат филтри за отстранување на цврсти честички. До крајот на претходната година беше предвидено да се создаде национална акредитирана лабораторија која ќе ги проучува карактеристиките на отпадот и ќе врши контрола на материјалите кои загадуваат. А, загадуваат сите согорливи процеси – отворени палења, пожарите, запалените стрништа и недозволени материјали во печки на отворено, горење на недозволиви материјали во домаќинствата и индустриите. Загадуваат и градилиштата, големите и мали индустриски капацитети, некои комунални дејности итн. Затоа се неопходни секојдневни мерење и контрола на емисиите на цврстите честички емитирани во воздухот. Според Законот за амбиентален воздух во Република Северна Македонија, амбиентален воздух е воздухот кој се наоѓа во долниот дел од тропосферата. Амбиенталниот воздух се загадува при разни хаварии-експлозии во фабрики, пожари, неконтролирано испуштање на токсични материи и хемикалии во приземниот слој – зоната каде пто дишеме и каде што виреат растенијата. Колку ни е квалитетен воздухот што го дишеме, може да забележиме од степенот на загадување кој се мери во мерни станици на различни локации. Преку мониторинг се утврдува дали има критичко оптоварување со некоја загадувачка супстанца. За да се знае каде да се воспостави мерно место, се оценува еден репрезентативен примерок, поточно мерење во последните пет години. Постојат и зони на англомерација, во зависност од опасноста по човечкото здравје од загадувањето и, исто така, се соработува и со хидрометеролошките и метереолошки станици. За таа цел Владата воспоставила државна мрежа и се мери позадинско загадување во ненаселените подрачја, во урбани и индустриски подрачја, на главни патишта и раскрсници, во рурални подрачја, главно села, во природни резервати, во паркови, индустриски капацитети итн. Законот е донесен за да се избегне, да се спречи и да се намали штетеното влијание и ефектот врз здравјето на човекот и животната средина. Постои праг на алармантност доколку е нарушен квалитетот и прагот на информирање, кој се утврдува со следење на системите за следење на изворите кои емитуваат честички и влијаат врз квалитетот на амбиенталниот воздух. Програмата за заштита на животната средина и спречување на загадувањето на воздухот се финансира од буџетот на општините и од државниот буџет. Република Северна Македонија соработува со Европската агенција за животна средина и со други релевантни меѓународни организации кои следат сè што се случува во врска со загадувањето на воздухот во европските држави. Македонија се придржува до Конвенцијата за далекусежно погранично пренесување на загадувачки супстанци во воздухот од 1979 година и се обидува да ги намали емисиите на таквите супстанци. Агенцијата пресметува, мери и дава извештаи до сите еколошки важни меѓународни инстанци.

За поздравување се активностите и соработката на Армијата и Министерството за одбрана со релевантите институции во однос на мерењата на загаденоста на воздухот при изведување на големи вежби, како и активностите во рамки на проектите за еко-одбрана.

Васе Митреска



# Омар Бредли – генералот на војниците

Омар Нелсон Бредли е првиот началник на ВС на САД, којшто бил именуван и како „генералот на војниците“, поради фактот дека како воен лидер бил омилен кај војниците. Омар Бредли е роден во областа Рандолф – Мисури во САД во 1893 г. во сиромашно семејство. Раната смрт на неговиот татко, кога Омар имал само 15 години, го присилила да размислува во кој правец ќе се одвива неговиот живот. Во 1911 г. се запишал на ВА „Вест Поинт“ и е дел од „генерацијата врз која паѓаа ѕвездите“, односно генерација во која дури 36% од запишаните станале генерали. По завршувањето на воената едукација како офицер на пешадија, првото поставување  во чин потпоручник го има во 14.. пешадиски полк. Во периодот помеѓу двете светски војни, Омар се посветил на едукација и  на лична надградба. Во периодот од 1920 до 1924 г. предавал на академијата „Вест Поинт“ и бил промовиран во чин мајор. Школото за командни и штабни должности го завршил во 1928/1929 г., а воениот колеџ во Карсли, Пенсилванија, го завршил во 1934 г. Во 1941 г.  е промовиран во бригаден генерал и е поставен на командна позиција на пешадиското школо во Форт Бенинг. По влегувањето на САД во Втората светска војна, тој бил поставен за командант на 82. пешадиска дивизија, која по падобранската обука е преименувана во 82.. падобранска дивизија, прва од ваков вид во војската на САД. За време на оваа трансформација, Бредли одиграл клучна улога. Неговата прва команда на трупи за време на војната, која активно учествува во борбените дејства, била во 1943 година со VIII корпус во Африка. По постигнатите успеси му била доделена командата на II корпус, кој во јуни 1943 г. учествувал

Кога ќе се спомене оклопното борбено возило „Bradley“, повеќето луѓе помислуваат на неговите можности и борбени карактеристики, а ретко кој помислува од каде потекнува името на возилото. Ова возило е именувано според генералот Омар Нелсон Бредли, првиот началник на вооружените сили на САД.

во операцијата „Хаски“, за сојузничката инвазија на Сицилија. Пролетта 1944 година, на генералот Бредли му била доверена командата врз првата американска армија, која ќе учествува во операцијата „Денот Д“. 12. армиска група со која командувал Бредли, исто така, учествувала и во битката за Ардените.

Лидерството, коешто Бредли ги демонстрирал за време на командувањето со 12.. армиска група на европското боиште, ги демонстрираше неговите способности за донесување навремени и издржани одлуки во непредвидливи и променливи состојби. По завршувањето на војната, на 11.8. 1948 г., Омар Бредли е поставен за прв началник на ГШ на војската на САД. Во 1950 г. Бредли е промовиран во чин генерал на Армијата. Тој е петтиот и последен генерал којшто е промовиран во тој чин. Истата година Омар Бредли е поставен за претседавач на ВК на НАТО и е на таа позиција бил сѐ до 1953 г., кога се повлекол од активна воена служба. Генералот Омар Бредли починал на 8.4.1981 г. Тој е погребан на воените гробишта „Арлингтон“.

Карактеристично за него е дека тој е еден од поборниците за унапредување на односите помеѓу САД и СФР Југославија. Лидерските способности на Бредли се карактеризираат со голема флексибилност и способност за адаптација на секоја настаната ситуација. Иако бил свесен дека успехот и победата во воен конфликт резултираат со загуби на човечки животи, Бредли во неговата кариера тежнеел тие загуби да бидат минимални, притоа покажувајќи огромна грижа за што е можно подобри услови за своите потчинети.  Прагматичниот лидер, којшто верувал во своите потчинети, како и во кохезијата на тимската работа и во моралот на војниците, е главната одлика на лидерството на Бредли. Друга негова карактеристика е деталноста во планирањето на операциите. Неговите визии за употребата на падобранските единици во војувањето се негов придонес во развојот на воените доктрини. Омар Бредли е добитник и носител на голем број ордени, обележја и признанија и автор на книгите „Војничка приказна“, објавена во 1951 г., која ги опишува неговите лични воени искуства за време на Втората светска војна, и книгата „Животот на генералот“, објавена постхумно во 1998 г. Со цел делата на Бредли да бидат запаметени и препознаени, неговото име го носи и едно оклопно борбено возило,  но и едно основно школо во Форт Левентворт.

Познати изреки на Бредли се: „Ние повеќе знаеме за војна отколку за мир, повеќе за убивање отколку за живеење“ и „Аматерите изучуваат тактика, професионалците ја проучуваат логистиката“.

Златко Блажески



# Турскиот поет во сликарството

Авни Лифиј е турски сликар на големи композиции. Тој користел симболична структура која создава поетска, мистериозна и единствена светлина

Авни Лифиј е роден во селото Караапталсултан во областа Ладик во Самсун, Турција. Семејството на уметникот мигрирало од Кубанскиот регион на Кавказ за време на Османлиско-руската војна 1877/1878 година. Прво се населиле во Самсун, а потоа се преселиле во Истанбул. Лифиј го започнува своето образование во маалското училиште во Истанбул, „Фатих ашик-паша“ во 1893 година, а основното образование го завршил во 1896 година, со посебен интерес за сликарството и  за часовите по музика. Средното образование, кое го започнал во 1896 година, Авни Лифиј го завршил во „Numune-i Terakki Mektebi“ во Шехзадебаши во 1898 година. Во тој период тој се обидел да го научи францускиот јазик, кој бил популарен во тој период, земајќи лекции од повозрасен студент. Наредните две години Лифиј не посетувал училиште, бидејќи таа година се разболел. Во 1901 година се вработил во Управата за железници при отоманското Министерство за јавни работи. Кратко време посетувал израелско училиште, „Алијанс“, за да го подобри францускиот јазик, земал и приватни часови по француски јазик кај Искендер Ферит-бег. Часовите по француски јазик ги посетувал до 1904 година. Исто така, учел и во граѓанско медицинско училиште за да научи анатомија. Часовите по физика и хемија на Фармацевтското училиште ги посетувал како ученик во публика, за да ја научи и техниката на сликање. Во 1906 година, кога неговиот учител по француски јазик  Искендер Ферит и неговиот нов познаник, Анри Прост, му предложиле да ги однесе неговите слики кај директорот на музејот, Осман Хамди-бег. На Осман Хамди-бег особено му се допаднала една негова слика, „Автопортрет со цевка“, па го замолил Лифиј во иднина да му ги покажува сите негови слики.

Во 1908 година на списокот на студентски кандидати што Осман Хамди-бег сакал да ги испрати во Париз бил вклучен и Хусеин Авни Лифиј и неговата слика „Автопортрет со цевка“, коишто му биле претставени на Абдулмеџид ефенди. Во 1909 година, Лифиј заминал за Париз и таму добиил сертификат за следење на наставата од „l'Ecole Nationale Speciale des Beaux-Art“, така што почнал да слика во работилницата на Фернанд Кормон. Во Париз се дружел со сликарите Гијонет и Андре Лекомт де Ној. Кога бил повикан назад во Истанбул во 1912 година, работел како учител по уметност во „Истанбул Султаниси“ (машко училиште во Истанбул). Тој, исто така, учествувал и на првата изложба по сликарство во студентскиот дом на Галата сарај со две негови слики.

Есента 1917 година учествувал со 20 слики на изложбата „Воени слики“, која била отворена во резиденцијата „Галата сарај“ во Истанбул. Учествувал



со 18 слики и на Изложбата на воени слики, изложена во Виена во 1918 година. Во „Збирката на слики“, во согласност со сертификатот на Одборот за образование од 12.3.1921 година, учествувал со 56 слики на владата, вклучително и со пет негови дела. Со три слики учествувал на 4. сликарска изложба „Галата сарај“, организирана од Турското здружение на сликари, а со 7 слики и со 1 скица учествувал на изложбата на бесплатната „Сликарска работилница“ формирана истата година. Меѓу учителите кои отишле во Бурса да се сретнат со Мустафа Кемал во октомври 1922 година биле тој, неговата сопруга Харика и братот на неговата сопруга, скулпторот Нијад.
Мустафа Кемал го одвел Авни Лифиј во Анкара и четири месеци тој му бил домаќин на Еркан во Харбије. За време на неговата прва посета на Анкара, уметникот го насликал портретот на маршалот Февзи Чакмак. Во 1924 година бил назначен за учител по декоративна уметност алиси во Санаи-и Нефисе Мектеби. Тој останал на функцијата како алиси тезиније-инструктор на Санаи-и Нефисе Мектеби сè до неговата смрт. Авни Лифиј починал во својата соба во станот во Харикзедеган во Лалели на 2 јуни 1927 година, на само 41 година. Неговиот гроб се наоѓа на ридот Пјер Лоти во областа Ејуп во Истанбул.

м-р Трајче Чатмов





# „Гребен на спасените“ Сплотување на вербата кон Бога и должноста кон татковината

Филмот „Гребен на спасените“ е уште еден мајсторски изработен филм со воена тематика во режија на Мел Гибсон, докажан актер кој, исто така, сѐ повеќе ја утврдува својата позиција на еден од подобрите режисери на денешното време. Овој филм, како ретко кој ги прикажува суровоста, крвопролевањето и страотиите на војната, но и љубовта, милосрдието и вербата во Бога на обичниот човек. Филмот е сниман според вистинит настан, што го прави уште позначаен во редот на воените филмови со специфични приказни и прикази на војната. Филмот го проследува дејствувањето на војникот Десмонд Дос од Вирџинија, кој пролетта 1945 година, кога американските воени сили се соочиле со најважната и најопасна борба со Јапонците на пацифичкиот фронт, спасува седумдесетина опколени и ранети војници, носејќи ги на раце и со јаже префрлајќи ги преку гребенот каде што на безбедно место се наоѓале другите американски воници. За овој подвиг војникот Дезмонд Дос, по војната, од страна на претседателот Труман го добил медалот на честа и бил првиот човек кој се здобил со ваков медал а е поборник на „приговор на совеста“, односно од религиски причини не зема оружје во рака.  Имено, Дезмонд Дос, пред да замине на фронтот не сакал од религиозни причини да се здобие со обука во ракување со огнено оружје и на фронтот не истрелал ниту еден куршум, а сепак направил голем воен подвиг, придонесувајќи  како невооружен медицински персонал во единицата во која служел.

Филмот „Гребен на спасените“, Мел Гибсон го снимил почитувајќи ги правилата на епот. Уште во првите кадри се наоѓаме среде фронтот, во борбените редови на американските единици кои војуваат со Јапонците. Режисерот свесно нѐ носи до крајот, за потоа директно да нѐ врати на почетокот. Тоа го прави , меѓу другото, за да го постигне уметничкиот контраст помеѓу немирот на војната и мирната Вирџинија, од каде што потекнува Дезмонд Дос. Војната на платното одеднаш се менува со сцени од минатото на Дезмонд. Дознаваме дека Дезмонд во детството несакајќи го повредил тешко својот брат, кој иако тешко ранет, сепак, преживеал. Дезмонд бил строго казнет од неговиот татко, кој бил воен и боледувал од пострауматси стрес, при што и  многу пиел. Татко му е многу суров и избувлив, човек кој ги малтретира и строго ги казнува своите синови. Од друга страна, мајката својот мир го пронаоѓа во религијата и е силно посветена на  Бога и христијанските доблести. Дезмонд Дос по случката со брат му  се зарекува дека никогаш нема да фати оружје со рака и започнува доброволно да помага во црквата, искрено верувајќи во Бога и во добродетелта и христијанското милосрдие. Исто така се запознаваме и со љубовната врска на Дезмонд со Дороти, но и со презирањето и мобингот кој го трпи Дезмонд за време на воената обука откако доброволно се пријавил да замине на фронтот како медицински персонал.











Тоа што ја гради главната дилема во филмот е сопоставувањето на војната и религијата. Имено Дос е голем верник, до степен на фанатичност,  а од друга страна и голем патриот, кој не сака да ја отфрли граѓанската должност кон својата татковина и кој и покрај сиот презир, малтретирање и неправедност во рамките на воениот колектив за време на воената обука заради неговите религиски принципи, сепак успева да замине на фронтот и таму да се докаже со својата храброст, посветеност и човекољубие. Дилемата е како овој доброволец успева да ги сплоти војната и религијата и како некој што не сака да допре пушка, опстојува на бојното поле и учествива во војната. Гибсон ја користи религијата со цел да инспирира и мотивира, а патетиката ја избегнува со сјајно снимените сцени на војување, особено сцените кои го покажуваат сиот ужас и нелогичностите на војната. Фотографијата и камерата во филмот се извонредни, па ни дозволуваат да насетиме зошто битката кај Окинава важи за една од најкрвавите битки на пацифичкиот фронт. Што се однесува до актерската екипа, нивниот настап е солиден. Главниот протагонист Дос го глуми актерот Ендрју Грифит, а одлични се и актерите Хју Вејвинг (таткото на Дос), како и Тереза Палмер како Дороти, вереницата на Дос.

Личноста Дезмонд Дос има направено неверојатна работа. Тој е првиот човек во историјата кој има добиено медал, а е следбеник на „приговор на совеста“, односно не сака да земе оружје во рака. Сепак, филмот „Гребенот на спасените”, дали заради филмското време или динамиката на филмот, не навлегува многу длабоко во моралната дилема, која се наметнува сама по себе, односно дали може човек со „приговор на совеста“, воопшто да учествува во војна, туку се задржува на приказот на неговиот живот низ нарација на еп, задоволувајќи ги притоа, сите елементи на таквото раскажување. Гибсон успева да направи технички одличен филм, со впечатливи ефекти од воените дејства. Истовремено прави хагиографија на главниот лик, своевидна посвета на херојот на модерното доба. Без разлика на тоа дали филмот „Гребен на спасените“ ќе се доживее како антивоен филм или како своевидна метафора на Исус Христос, тој во секој случај ја менува вообичаената парадигма и секако, треба да се погледне. Филмот „Гребен на спасените“ бил вброен во најдобрите десет филмови на годината од Американскиот филмски институт и добил бројни награди и номинации, вклучувајќи шест номинации за Оскар, и тоа номинации за најдобар филм, најдобар режисер и најдобар глумец за Гарфилд. Филмот добил два Оскари, и тоа за најдобро миксање на звук и најдобра монтажа. Овој филм успева да допре до гледачот како уметничко дело, а уште повеќе со тоа што е базиран на вистинска приказна.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Мел Гибсон

**Улоги:** Ендрју Гарфилд, Сем Вортингтон, Лук Бреси, Тереза Палмер, Хуго Вивинг, Рејчел Грифитс

**Сценарио:** Ендрју Најт, Роберт Шинкен

**Продуцент:** Тери Бенедикт, Пол Кјури, Брус Девиј, Вилиам Д. Џонсон, Брајан Оливер

**Дистрибутер:** „Summit Entertainment“ - САД, „Icon Productions“- Австралија

**Кинематографија:** Сајмон Даген

**Музика:** Руперт Грегсон Вилиамс

**Монтажа:** Џон Гилберт

**Година:** 2016

**Јазик:** Англиски

**Земја:** САД, Австралија

**Времетраење:**139 минути

**Буџет:** 40 милиони долари



# Спомен-домот „Блаже К
# минатото, вло

На околу 20 километри од Прилеп, кога се оди по регионалниот пат кон Македонски Брод, се наоѓа селото Небрегово, родното место на македонскиот лингвист, големиот Блаже Конески. Во село Небрегово се наоѓа и спомен-куќата во негова чест. За да се стигне до Небрегово, од регионалниот пат треба да се заврти десно кон Мажучише, па потоа да се поминат населените места Забрчани и Дупјачани.  Селото Небрегово е дел од Прилепското Поле и се наоѓа на јужното подножје на планината Бабуна, а сега е дел од општина Долнени. Селото  е сместено на рид, на надморска височина од околу 700 метри и има површина од 16,8 километри. Со автомобил, од Прилеп до Небрегово се стигнува за 20 минути. Во селото живеат стотина жители, но најчесто се посетува заради Спомен-куќата на Блаже Конески, значаен културен споменик на руралната архитектура.

Спомен-домот на Блаже Конески, после долги години залагања на фондацијата „Небрегово“ на прилепскиот Завод и музеј и на поединци, за првпат за споменик е прогласен во 2005 година на први август. Концепцијата на Домот го одразува времето, просторот и поднебјето во кој е создаден и изграден, а тоа е кон крајот на XIX век или на почетокот на XX век. Тоа е куќа на кат, објект од т.н. затворен тип, без посебно издвоен отворен дел од чардакот. Помошните објекти кои го заокружуваат економскиот живот на домаќините се лоцирани периферно на парцелата. Спомен-домот на Блаже Конески често се посетува, а за да може да се посети потребна е претходна најава во прилепскиот Завод и музеј. Спомен-домот го отсликува животот на академикот, еден од бројните интелектуалци кој со своето творештво остави неизбришливи траги во македонската лингвистика и во современата македонската литература. Блаже Конески е најмаркантната личност на 20 век и преку неговите дела Македонија стана препознатлива во светот.

Кога ќе ја посетите Спомен-куќата ќе се запознаете со неговиот живот, со неговата работа и дејност како професор, научник, писател и преведувач. Ќе имате можност да го почувствувате неговиот дух, седејќи во неговата работна соба, која комплетно е преместена од Скопје во Небрегово, ќе имате можност да „ѕирнете“ во неговите дела изложени во конференциската сала и, исто така, ќе видите и како живеел Конески додека бил мал. Ќе ги забележите и бројните дела и сé она што го печати фондацијата „Небрегово“. Едноставно, ќе се потсетите на минатото, но ќе погледнете и во иднината.

Каролина Мицевска



# Конески" – потсетник на
# т за иднината








